Противпожарна заштита, расходно конто **404110 – Надомест за годишен одмор** на основа на донесено решение од Градоначалникот.

Член 15

Во случај на непрекинато боледување подолго од шест месеци и во случај на потешки последици од елементарни непогоди во смисла на Законот за заштита и спасување и други случаи на работникот му се исплатува помош во висина од една последно исплатена просечна месечна нето плата во органот каде што е вработен од Програма **Д0** – Градоначалник, расходно конто – **464990 –** Разни трансфери.

Член 16

Користењето на средствата од Буџетот на Општината за вршење на функциите на буџетските корисници се набавуваат со фактури во кои посебно се искажуваат расходите по поодделни ставки, почитувајки ги одредбите од Законот за јавни набавки.

Набавките на стоки и вршењето на услуги може да се врши и со сметкопотврди и фискална сметка во случај кога за расходите не може да се издаде фактура и само во ограничени поединечни износи од 6.000 денари каде задолжително мора да биде приложена фискална сметка, при што расходите треба да бидат искажани по класификација на соодветниот расход.

Член 17

За средствата утврдени во Буџетот на Општината во рамките на резервите (постојана и тековна буџетска резерва), одлучува Советот на Општината, а ги извршува Градоначалникот.

За искористените средства Градоначалникот е должен да поднесе Годишен извештај за користење на средствата од резервите.

За користење на средства од резервите до износ најмногу до 50.000,00 денари одлучува Градоначалникот.

Член 18

Исплатата на надоместоците за отпремнини за пензионирање на вработените во општината ќе се врши од Програма Е0 – Општинска администрација и Ѓ0 – Противпожарна заштита, расходно конто 464940 – Трансфери при пензионирање во висина од две просечни исплатени месечни нето плати во Републиката објавени до денот на исплатата.

Надоместокот на отпремнина за пензионирање на вработените во локалните јавни установи , ќе се исплатува од соодветната потпрограма и сметка на секој корисник посебно, расходно конто 464940 - трансфери при пензионирање.

Исплатата на надоместокот за отпремнина за пензионирање ќе се врши врз основа на претходно оформена и комплетна документација и донесено решение од страна на Градоначалникот.

Член 19

Во случај на смрт на вработениот во општината и локалните јавни установи на неговото семејство му припаѓа парична помош во износ од двократен износ на просечната месечна нето-плата по работник во Републиката објавена до денот на исплатата.

На вработениот, во случај на смрт на член на потесното семејство (родител, брачен другар, деца родени во брак или вон брак, посиноци, посвоени деца и деца земени на издржување), му припаѓа парична помош во износ на една просечна месечна нето-плата по работник во Републиката објавена до денот на исплатата.

Надоместоците од став 1 и 2 на овој член се исплатуваат по претходно доставено барање со комплетирана документација во годината на настапување на смртта,односно во годината која следи по годината на настапување на смртта.

Средствата за овие намени се планираат во Буџетот на општината во Програма **Д0 – Градоначалник**, расходно конто **464990 – Други трансфери**.

Средствата за овие намени за локалните јавни установи се планираат во соодветната програма и сметка на секој корисник посебно, расходно конто 464990 – Други трансфери.

На работниците ангажирани со договор за отстапување на работник за привремено вработување, средствата за исплата на солидарна помош на вработените ги обезбедува работодавачот, а исплатата ја врши Агенцијата за привремени вработувања.

Член 20

Во согласност со Колективен договор на општината, за непрекината работа кај работодавачот, вработениот има право на јубилејна награда за навршени 10, 20, 30 и 40

години кај работодавачот. Висината на јубилејната награда изнесува:

- за 10 години – 100%,
- за 20 години – 110%,
- за 30 години – 120% и
- за 40 години – 130%

од основицата од просечната месечна нето плата во Република Северна Македонија исплатена во претходната година.

Јубилејната награда се исплаќа во годината кога се остварува правото.

Исплатата на име Јубилејни награди ќе се врши од програма Д0 – Градоначалник, Е0 – Општинска администрација и Ѕ0 – Противпожарна заштита расходно конто 464990 – Други трансвери на основа на донесено решение од Градоначалникот, согласно колективен договор.

Член 21

Средствата утврдени во Програмата Г1 - Поддршка на локалниот економски развој, потставката 463110 - Трансфери до здруженија на граѓани и фондации ќе се користат за финансирање на програмските активности на здруженијата на граѓани и фондации врз основа на поднесени барања и проекти кои овозможуваат развој на локалната заедница.

За средства потребни за одредени проектни активности на здруженијата на граѓани и фондации до износ од 10.000,00 денари, одлучува Градоначалникот, додека за поголеми износи одлучува Советот на Општината.

Градоначалникот во писмена форма доставува до Советот информација по истекот на секој квартал за висината на средствата кои се дадени и називот на субјектот.

Член 22

За првото дете кое ќе се роди на територијата на општина Берово ќе се врши исплата на 15.000,00 ден. од потставка – 464990 – Други трансвери, Програма В3 согласно програмата од областа на социјалната заштита.

За секое новородено дете, чии родители се со место на живеење во општина Берово, ќе се врши исплата на 7.000,00 ден. од потставка – 464990 – Други трансвери, Програма В3, согласно програмата за социјална заштита.

За најдобрите ученици во средното образование ќе се врши исплата на стипендии од потставка – 464990 – Други трансвери, Програма А0 согласно програмата од областа на образованието.

За учениците од прво одделение, основно образование и прва година, средно образование ќе се врши исплата на 5.000,00 денари од потставка – 464990 – Други трансвери, Програма А0 согласно програмата од областа на образованието.

Член 23

Средствата утврдени во Буџетот и распоредени во пооделни програми и потпрограми ги извршува Градоначалникот на Општината.

Член 24

Вработувањата во општинската администрација се вршат согласно актите за организација и систематизација на општината за кои се обезбедени средства во буџетот на општината.Градоначалникот дава писмено известување за обезбедените средства.

Локалните јавни установи од областа на културата, образованието и социјалната заштита кои се финансираат со блок дотации можат да вработуваат нови работници доколку се обезбедени средства во Буџетот на Република Северна Македонија за што писмено известување дава Министерството за финансии врз основа на барање од Градоначалникот на општината до надлежното Министерство за потреба од вработување во локалните јавни установи со соодветна пропратна документација.

Член 25

Се овластува одделението за финансиски прашања да ги примени одредбите од новите законски прописи кои ја регулираат исплатата на бруто платата.

Член 26

Кога приходите што му припаѓаат на Буџетот се погрешно уплатени или се наплатени во износ поголем од утврдениот, погрешно или повеќе наплатениот износ се враќа првенствено на товар на видот на приходите кои се уплатени, а до колку такви приходи нема, тогаш на товар на другите приходи на Буџетот.

Повратот на погрешно, на повеќе уплатени, односно наплатени приходи се врши со решение на Градоначалникот, освен во случаите каде надлежноста им припаѓа на други органи.

Член 27

Буџетот на Општина Берово за 2025 година се извршува од 01.01.2025 до 31.12.2025 година.

Член 28

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Берово”.

*О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е*
*Кон Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Берово за 2025 година*

Со Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Берово за 2025 година се прецизира начинот на извршување на средствата утврдени во Буџетот на Општина Берово, начинот на пренамена во рамките на одобрените Буџети на буџетските корисници.

Со оваа Одлука за извршување на Буџетот се даваат јасни насоки и правила на постапување на сите засегнати страни/буџетски корисници на средства од Буџетот на Општина Берово со упатување на доследно почитување на буџетските начела и користење на средствата на законски, економичен, ефикасен и ефективен начин.

Исто така, со наведентата Одлука е регулирана висината на поодделните надоместоци на вработените во општинската администрација и администрацијата вработена во правните субјекти корисници на средства од Буџетот на општината.

Утврден е и начинот на постапување на користење на средствата од резервите и доделување на одредени помошти по основ на боледување подолго од шест месеци, во случај на смрт на вработен или член на негово потесно семејство итн.

Средствата утврдени во Буџетот на и распоредени во поодделни програми и потпрограми ги извршува Градоначалникот на општината, Буџетот на Општина Берово се извршува од 01.01.2025 до 31.12.2025 година.

Бр.09-4180/1 Совет на Општина Берово
18.12.2024 година Претседател
Б е р о в о Петар Ружински с.р.

******************

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02 и Сл.весник на РСМ“ бр.202/24) и член 62 став 1 од Статутот на Општина Берово („Службен гласник на Општина Берово“ бр. 13/02, 18/07, 30/08, 20/10, 20/19, 47/21 и 30/23), Градоначалникот на Општина Берово донесува:

З А К Л У Ч О К

за објавување на

БУЏЕТСКИ КАЛЕНДАР НА ОПШТИНА БЕРОВО

за 2025 година

Се објавува БУЏЕТСКИ КАЛЕНДАР НА ОПШТИНА БЕРОВО за 2025 година, Бр.09-4181/1 што Советот на Општина Берово го донесе на седницата што се одржа на 18.12.2024 година.

Бр.08-4213/13 ОПШТИНА БЕРОВО
19.12.2024 год. Градоначалник
Б е р о в о Звонко Пекевски с.р.

****************

Врз основа на член 27 став 4 и 5 од Законот за финансирање на единиците на локална самоуправа (Сл.весник на Р.М.бр.61/04, 96/04, 67/07, 156/09, 47/11, 192/15 и Сл.весник на Р.С.М. бр.244/19, 53/21, 77/21, 150/21, 173/22 и 170/24), Советот на Општина Берово на 54- тата седница одржана на ден 18.12.2024 година донесе:

**БУЏЕТСКИ КАЛЕНДАР НА ОПШТИНА БЕРОВО**

**за 2025 година**

Член 1

| ДАТУМ | АКТИВНОСТ | ОДГОВОРНОСТ | ЗАКОН |
|---|---|---|---|
| **30 Септември** | Министерот за финансии доставува буџетски циркулар во кој се содржани главните насоки за изготвување на Предлог-Буџетот за наредната година и висината на дотациите од Буџетот на РСМ. | *Министерство за финансии* | *Закон за буџети* *Закон за финансирање на ЕЛС* |
| **Октомври** | - Градоначалникот и раководителите на одделенијата вршат анализа на фискалниот капацитет на општината и комуникација со секој од клучните фактори во општината со цел утврдување на потребите (буџетски трошења) во контекст на нивните планирани активности и ги одредуваат приоритетите и проектите при изготвувањето на Предлог-Годишните програми за реализација во наредната година<br>- се доставува општински буџетски циркулар со образложение за потребните средства до општинските буџетски корисници за изготвување на финансиските планови | *Градоначалник*<br>*Раководители на одделенија*<br>*Општински буџетски корисници* | *Закон за финансирање на ЕЛС* |
| **20 Октомври** | Се изготвува и доставува Предлог-план на програми за развој до Советот на општината. | *Раководители на одделенија*<br>*Градоначалник* | *Закон за буџети* |
| **Крај на Октомври** | Се усогласуваат аналитичките информации со целите, приоритетите и активностите на секој од општинските одделенија и нивно презентирање на буџетски форум со граѓаните на неколку последователни сесии и избор на проект/и кои ќе бидат дел од Предлог-Буџетот на општината | *Градоначалник*<br>*Општинска администрација*<br>*Општински буџетски корисници* | |
| **Ноември** | Општинските буџетски корисници и одговорните одделенија за подготовка на Годишните програми ги доставуваат предлог-пресметките за наредната година со образложение за висината на износите по позиции.Одделението за финансиски прашања врши преговарање и анализирање на доставените предлог-пресметки и ги одредува приоритетите и одредбите за новиот Предлог-буџет | *Општински буџетски корисници*<br>*Општинска администрација*<br>*Одделение за финансиски прашања* | |
| **Најдоцна до 15 Ноември** | Се финализираат,разгледуваат и усвојуваат Планот на програми за развој и Годишните програми за наредната фискална година | *Градоначалник*<br>*Совет на општината* | *Закон за буџети* |
| **Крај на Ноември** | - Градоначалникот го разгледува и одобрува Предлог-буџетот за наредната година подготвен од страна на финансискиот оддел на општината и го споделува со јавноста<br>- Се води јавна расправа од Советот на општината, НВО, Здруженија на граѓани, Месни заедници и заинтересирани граѓани и доколку има издржана сугестија истата се имплементира пред доставување на Предлог-буџетот до Советот | *Одделение за финансиски прашања*<br>*Градоначалник*<br>*Совет на општина*<br>*Јавна расправа* | |
| **Декември** | - Градоначалникот го доставува конечниот Предлог-Буџет до Советот<br>- Телата на Советот на општината водат расправа по доставениот Предлог-Буџет | *Градоначалник*<br>*Комисија за финансирање и буџет* | |
| **Крај на декември** | Седница на Советот на општината за донесување на:<br>- Буџетот за наредната буџетска година<br>- Одлука за извршување на Буџетот<br>- Буџетски календар<br>- Одлука за времено финансирање, согласно Законот за финасирање на ЕЛС, доколку Советот не го усвои Предлог-Буџетот | *Совет на општина* | *Закон за финансирање на ЕЛС* |

Член 2

Буџетскиот календар на Општина Берово за 2025 година влегува во сила со денот на донесувањето и ќе се објави во „Службен Гласник на Општина Берово".

Бр.09 -4181/1 Совет на Општина Берово

18.12.2024 година Претседател

Берово Петар Ружински

******************

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ" бр.5/02 и Сл.весник на РСМ" бр.202/24) и член 62 став 1 од Статутот на Општина Берово („Службен гласник на Општина Берово" бр. 13/02, 18/07, 30/08, 20/10, 20/19, 47/21 и 30/23), Градоначалникот на Општина Берово донесува:

З А К Л У Ч О К

за објавување на

ОДЛУКА

за

утврдување на вредноста на бодот за пресметување на платите на административните службеници во Општина Берово за 2025 година

Се објавува ОДЛУКА за утврдување на вредноста на бодот за пресметување на платите на административните службеници во Општина Берово за 2025 година, Бр.09-4182/1

што Советот на Општина Берово ја донесе на седницата што се одржа на 18.12.2024 година.

Бр.08-4213/14 ОПШТИНА БЕРОВО
19.12.2024 год. Градоначалник
Б е р о в о Звонко Пекевски с.р.

****************

Врз основа на член 88 став 2 од Законот за административни службеници („Службен весник на Република Македонија“ бр. 27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 142/16 и 11/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 275/19, 14/20, 215/21, 99/22 и 208/24), член 36 став 1 точка 2 од Законот за локална самоуправа (“Службен Весник на РМ” бр. 5/2002 и “Службен Весник на РСМ” бр.202/24), член 23 став 8 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа (“Службен Весник на РМ” бр. 61/04, 96/04, 67/07, 156/09, 47/11, 192/15, 209/18 и “Службен Весник на РСМ бр.244/19, 53/21, 77/21,150/21,173/22 и 170/24) и член 90 од Статутот на Општина Берово (“Службен Гласник на Општина Берово” бр.13/02,18/07,30/08, 20/10, 20/19, 47/21 и 30/23 ), Советот на Општина Берово на 54-тата седница одржана на 18.12.2024 година донесе:

## О Д Л У К А
### за утврдување на вредноста на бодот за пресметување на платите на административните службеници во Општина Берово 2025 година

Член 1

Со оваа Одлука се утврдува вредноста на бодот за пресметување на платите на административните службеници во Општина Берово.

Член 2

Исплатата на платите на вработените ќе се извршува во рамките на обезбедените средства во Буџетот.

Вредноста на бодот на платите на административните службеници за 2025 година изнесува 81,60 денари.

Член 3

Оваа Одлука влегува во сила со денот на стапување во сила на Одлуката за извршување на буџетот на Општина Берово за 2025 година и ќе биде објавена во „Службен гласник на Општина Берово“.

Бр.09-4182/1 Совет на Општина Берово
18.12.2024 година Претседател
Б е р о в о Петар Ружински с.р.

****************

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02 и Сл.весник на РСМ“ бр.202/24) и член 62 став 1 од Статутот на Општина Берово („Службен гласник на Општина Берово“ бр. 13/02, 18/07, 30/08, 20/10, 20/19, 47/21 и 30/23), Градоначалникот на Општина Берово донесува:

## З А К Л У Ч О К
### за објавување на
### О Д Л У К А за утврдување на критериуми за распределба на блок дотацијата од програмата Н1-Основно образование по училиштата во Општина Берово

Се објавува О Д Л У К А за утврдување на критериуми за распределба на блок дотацијата од програмата Н1-Основно образование по училиштата во Општина Берово, Бр.09-4183/1 што Советот на Општина Берово ја донесе на седницата што се одржа на 18.12.2024 година.

Бр.08-4213/15 ОПШТИНА БЕРОВО
19.12.2024 год. Градоначалник
Б е р о в о Звонко Пекевски с.р.

****************

Врз основа на член 157 став 3 од Законот за основното образование („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 161/19 и 229/20), член 36 став 1 точка 15 од Законот за локланата самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02 и “Сл.весник на РСМ” бр.202/24) и член 19 став 2 точка 44 од Статутот на Општина Берово („Сл.гласник на Општина Берово“ бр.13/02,18/07, 30/08, 20/10, 20/19, 47/21 и 30/23), Советот на Општина Берово на 54 - тата седница одржана на 18.12.2024 година донесе:

## О Д Л У К А
## за утврдување на критериуми за распределба на блок дотацијата од програмата Н1-Основно образование по училиштата во Општина Берово

### Член 1

Со оваа Одлука се утврдуваат критериумите за распределба на блок дотацијата од програмата Н1-Основно образование по училиштата во Општина Берово.

### Член 2

Средствата кои од Буџетот на Република Северна Македонија за секоја буџетска година се трансферираат на локално ниво во Буџетот на Општина Берово како пренесена надлежност за основното образование ќе се распределуваат по основни училишта во кои основач е Општина Берово.

### Член 3

Критериумите за распределба на блок дотацијата Н1-Основно образование по основните училишта на Општина Берово се: корисна површина во училиштата, бројот на ученици во училиштата, корисна површина за греење и училишни објекти во општината.

### Член 4

Формулата според која се врши распределба на средствата од блок дотацијата Н1-Основно образование по основни училишта во Општина Берово е следната:

БДу=(Кп/ВкКп+Бу/ВкБу+Кпг/ВкКпг+По/ВкПо)/4*БДо

Каде:
Бдо-блок дотација на општината
БДу-блок дотација по основно училиште
Кп-корисна површина на училоштето
ВКп-вкупна корисна површина на сите училишта во општината
Бу-број на ученици во училиштето
ВкБу-вкупен број на ученици во основните училишта во општината
Кпг-корисна површина за греење во училиштето
ВкКпг-вкупна корисна површина за греење
По-подрачни училишта и централното училиште
ВкПо-вкупно подрачни училишта и централните училишта

### Член 5

Средствата добиени како блок дотација во Буџетот на Општина Берово за основното образование може да се користат за: плати на вработените, стоки и услуги (комуналии, греење, електрична енергија, комуникации и транспорт, канцелариски матерјали, весници и списанија, алат и ситен инвентар, средства за одржување на хигиена, тековно одржување, други договорни услуги, превоз на учениците како и други оперативи расходи), трансвери при пензионирање и капитални расходи.

### Член 6

Средствата добиени како блок дотација во Буџетот на Општина Берово за основното образование ќе се одобруваат на месечна основа по училишта согласно утврдената динамика по квартали од Министерството за образование и наука и тоа:

- Делот за плати, наемнини и надоместоци на вработените до 15-ти во тековниот месец за плата за претходниот месец;
- Делот за стоки и услуги после 15-ти во тековниот месец за претходниот месец.

### Член 7

По добиената распределба на средства од страна на Министерството за образование Формулата според која се врши распределба на средствата од блок дотацијата може да претрпи извесни промени кои ќе бидат утврдени со Одлука за измена на Одлуката за утврдување на критериуми за распределба на блок дотацијата од програмата Н1-Основно образование по училиштата во Општина Берово.

Член 8

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Берово“.

Бр.09-4183/1 Совет на Општина Берово
18.12.2024 година Претседател
Б е р о в о Петар Ружински с.р.

*************

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02 и Сл.весник на РСМ“ бр.202/24) и член 62 став 1 од Статутот на Општина Берово („Службен гласник на Општина Берово“ бр. 13/02, 18/07, 30/08, 20/10, 20/19, 47/21 и 30/23), Градоначалникот на Општина Берово донесува:

З А К Л У Ч О К

за објавување на

О Д Л У К А

за продолжување на работно време на

угостителски објекти за одредени туристички, културни и друг вид манифестации

во општина Берово за 2025 година

Се објавува О Д Л У К А за продолжување на работно време на угостителски објекти за одредени туристички, културни и друг вид манифестации во општина Берово за 2025 година, Бр.09-4184/1 што Советот на Општина Берово ја донесе на седницата што се одржа на 18.12.2024 година.

Бр.08-4213/16 ОПШТИНА БЕРОВО
19.12.2024 год. Градоначалник
Б е р о в о Звонко Пекевски с.р.

***************

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (“Службен весник на Република Македонија” бр.05/2002 и “Службен весник на Република Северна Македонија” бр.202/2024), член 23 став 3 од Закон за угостителската дејност („Службен весник на Република Македонија” бр. 62/04, 89/08, 115/10, 53/11, 141/12, 164/13, 187/13, 166/14, 199/14, 129/15, 192/15, 39/16, 53/16 и 71/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.31/20) и член 19 став 2 точка 43 од Статутот на Општина Берово (Службен гласник на Општина Берово бр.13/02,18/07, 30/08, 20/10, 20/19, 47/21 и 30/23 ), Советот на Општина Берово на 54-тата седница одржана на 18.12.2024 година донесе:

О Д Л У К А
за продолжување на работно време на угостителски објекти за одредени туристички, културни и друг вид манифестации во општина Берово за 2025 година

Член 1

Со оваа одлука, Советот на Општина Берово го продолжува работно време на угостителски објекти за одредени туристички, културни и друг вид манифестации во општина Берово, во согласност со годишните програми на Општина Берово за 2025 година.

Член 2

Советот на Општина Берово го продолжува работното време на угостителските објекти од Член 23 од Закон за угостителската дејност, со времетраење од 1 час за деновите:

- 5-ти , 6-ти и 7-ми јануари;
- 17-ти и 18-ти јануари;
- 30 април;
- 24-ти мај;
- 1-ви и 2-ри август;
- 6-ти и 7-ми септември;
- 10-ти и 11-ти октомври;
- 22 октомври;
- 6-ти и 7-ми декември.

Советот на Општина Берово го продолжува работното време на угостителските објекти од Член 23 од Закон за угостителската дејност, со времетраење од 2 часа за деновите:

- 19-ти и 20-ти април;
- 23-ти август;

- 28-ми и 29-ти и 30-ти август.

Член 3

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен Гласник на Општина Берово".

Бр.09-4184/1 Совет на Општина Берово
18.12.2024 година Претседател
Б е р о в о Петар Ружински с.р.

****************

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ" бр.5/02 и Сл.весник на РСМ" бр.202/24) и член 62 став 1 од Статутот на Општина Берово („Службен гласник на Општина Берово" бр. 13/02, 18/07, 30/08, 20/10, 20/19, 47/21 и 30/23), Градоначалникот на Општина Берово донесува:

З А К Л У Ч О К

за објавување на

Етички Кодекс

на локалните функционери на Општина Берово

Се објавува Етички Кодекс на локалните функционери на Општина Берово, Бр.09-4185/1 што Советот на Општина Берово ја донесе на седницата што се одржа на 18.12.2024 година.

Бр.08-4213/17 ОПШТИНА БЕРОВО
19.12.2024 год. Градоначалник
Б е р о в о Звонко Пекевски с.р.

****************

Согласно член 36 став 1 алинеја 1 од Законот за Локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија" бр.05/02 и "Службен Весник на Република Северна Македонија" бр.202/24) и одредбите од Етичкиот кодекс на локалните функционери изготвен од ЗЕЛС и УНДП, Советот на општина Берово на 54-тата седница одржана на 18.12.2024 година донесе:

ЕТИЧКИ КОДЕКС НА ЛОКАЛНИТЕ ФУНКЦИОНЕРИ
НА ОПШТИНА БЕРОВО

ПОГЛАВЈЕ I - ОПФАТ НА КОДЕКСОТ

Предмет на кодексот

Член 1

Предмет на овој Кодекс е да се пропишат задолжителните стандарди на однесување на функционерите и да се информираат граѓаните, медиумите, деловната заедница, граѓанскиот сектор како и другите засегнати страни за стандардите на однесување кои фунционерите имаат обврска да ги почитуваат.

Значење на изразите употребени во кодексот

Член 2

Изразите во овој Кодекс го имаат следното значење:

Локален функционер (во понатамошниот текст: функционер) го опфака секое избрано и именувано лице во општината, како и во јавните претпријатија, институциите и другите организации основани од нив.

Локална самоуправа ги опфаќа сите општини во Република Северна Македонија и градот Скопје.

Должност ги означува надлежностите што произлегуваат од избраната или именуваната позиција како и сите активности што ги извршува функционеротво согласност со тие надлежности.

ПОГЛАВЈЕ II - ПРИНЦИПИ

Почитување на законите и актите на локалната смоуправа

Член 3

Функционерот ја извршува должноста во согласност со законот, актите на локалната самоуправа, Етичкиот кодекс и сите други прописи што ја определуваат неговата должност и секоја своја постапка во целост ја приспособува кон нив.

Приоритет на јавниот интерес и негова заштита

Член 4

Во извршувањето на должноста, функционерот му служи исклучиво на јавниот интерес, а не на директни или индиректни лични интереси, на интересите на поединци или групи поединци или на интересите на политичките партии.

Одговорност и отчет пред граѓаните

Член 5

Функционерот е избран од граѓаните на локалната заедница или именуван во нивно име и за вршење на должноста е одговорен првенствено и најмногу пред нив, вклучувајки ги и оние граѓани што не гласале за него или за неговата листа на кандидати.

Заштита на угледот на Локалната самоуправа

Член 6

Во вршење на должноста и во приватниот живот, за времетраењето на мандатот функционерот постапува на начин што нема да му наштети на неговиот углед, угледот на администрацијатана локалната самоуправа или на локалната самоуправа во целина.

Заштита на имотот и средствата на локалната самоуправа

Член 7

Функционерот е свесен дека имотот и средствата со кои располага и за кои одлучува во вршење на должноста, им припаѓаат на граѓаните на локалната смоуправа и кон нив се однесува крајно одговорно и се грижи тие да се заштитат од злоупотреби.

Исполнување на изборната програма и ветувањата

Член 8

Функционерот го добива мандатот врз основа на изборната програма и заложбите и во вршењето на должноста се придржува кон нив, настојувајќи со нивно исполнување да го подобри животот на граѓаните и на локалната заедница во целина.

ПОГЛАВЈЕ III – КОНКРЕТНИ ОБВРСКИ

Глава1

Пред превземање на должноста

Однесување во изборните кампањи

Член 9

Функционерот учествува во изборната кампања само со аргументирано спротивставување на програми, а не со клеветење на другите кандидати, политички партии или политичари, други поединци, со употреба на насилствои/или закани, со поткупување или со давање или ветување услуги.

Финансирање на изборните кампањи

Член 10

Свесен за законските обврски во однос на финанасирањето на изборните кампањи, функционерот нема да се согласи со користење на буџетски средства или средства на јавни фондови и јавни претпријатија за чија било изборна кампања, ниту пак за неа ќе бара или ќе прими средства од нелегални извори.

Глава 2

Извршување на должноста

Откажување од злоупотреба на должноста

Член 11

Функционерот свесен за обврските што произлегуваат од законите и прописите на локалната самоуправа, во вршењето на должноста, ниту една своја постапка или активност нема да ја насочи кон злоупотреба на службената положба.

Спречување на коруптивно однесување

Член 12

Во извршувањето на должноста, функционерот е обврзан да се спротистави на секое однесување што согласно законите се квалификува како активно или пасивно подмитување или обезбедување поволности на некое лице или субјект.

Во случај на сомневање за тоа дали определено однесување е коруптивно, функционерот постапува согласно со законите и може да се обрати за мислење до антикорупциските институции и до органите за спроведување на законот и постапува согласно со препораките добиени од нив.

Спречување на судир на интереси

Член 13

Кога во вршењето на должноста функционерот е во ситуација да учествува во одлучување за прашање во кое има личен или било каков

друг интерес освен јавниот, секогаш и исклучиво го заштитува јавниот интерес.
Ако функционерот има свој интерес во прашање во чие одлучување учествува тоа ќе го пријави на телото што одлучува за прашањето пред да се почне со постапката по него, ќе побара свое исклучување од одлучувањето и наникаков начин нема да влијае врз оние што одлучуват за него.

Ограничување на истовремено вршење на две или повеќе функции

Член 14
Функционерот не може истовремено да врши повеќе од една избрана или именувана, локална или државна должност, како и каква било друга позиција што може да го спречи или да го оттргне од извршувањето на неговата должност во локалната самоуправа.
Особено не може да биде во позиција да врши надзор над сопствените задолженија во локалната самоуправа, ниту пак да биде ангажиран во активности од кои произлегува очигледен и неизбежен судир на интереси.

Примена на дискреционите овластувања

Член 15
Дискреционите овластувања се користат по исклучок и согласно со законите и актите на локалната самоуправа, а функционерот што донел таква одлука е должен да има и на барање да даде детално објаснување за основите и причините за таквата одлука.
Ограничување на примање и давање подароци

Член 16
Функционерот не бара, не прима, ниту допушта друг во негово име да прифати или да даде подароци, услуги, гостопримство или друга лична корист поврзана со вршење на должноста, освен изрази на благодарност со симболична вредност, чиј износ е пропишан со закон или со акт на локалнатасамоуправа.

Почитување на буџетската и финансиската дисциплина

Член 17
Функционерот одговорно се однесува кон буџетот на локалната самоуправа и странската помош, особено кон задолжувањето на општината надвор од предвидените буџетски ставки и доследно се придржува до актите што го регулираат финансиското работење.

Глава3
По напуштањето на должноста

Ограничување на поволности по напуштање на должноста

Член 18
По напуштање на должноста, функционерот не се ангажира на работа во приватни фирми врз кои, во време на мандатот, вршел надзор или воспоставувал договорен однос.

ПОГЛАВЈЕ IV - НАЧИНИ НА НАДЗОР

Глава 1
При превземање на должноста

Утврдување на изворите и трошоците за кампања

Член 19
Функционерот на никој начин нема да ги попречува мерките и активностите што се во согласност со законот или со актите на локалната самоуправа, а се насочени кон утврдување на изворите на финансирање на неговата кампања и висината на трошоците за неа.

Глава 2
Во извршување на должноста

Пријавување на интересите

Член 20
Функционерот доследно ги почитува прописите за пријавување на имотната состојба, личните и семејните интереси.

Придржување до внатрешните и надворешните мерки на надзор

Член 21
Функционерот на никој начин нема да ги попречува мерките и активностите што се во согласност со законот или со актите на локалната самоуправа, а се насочени кон надзор над неговата работа.

Обврска за пријавување на коруптивно барање и однесување

Член 22

Ако функционерот дознае за коруптивно или неетичко однесување во локалната самоуправа, должен е тоа веднаш да го пријави на институциите за спречување на корупцијата и на органите на прогонот.

Заштита за предупредувачите

Член 23

Функционерот ги почитува и ги заштитува другите функционери или вработените во администрацијата на локалната самоуправа кои заради заштита на јавниот интерес предупредуваат на коруптивно или неетичко однесување во локалната самоуправа.

## ПОГЛАВЈЕ V – ОДНОСИ СОЈАВНОСТА

Јавност во донесувањето на одлуките

Член 24

Функционерот е должен да даде детални причини за донесените одлуки и постапки, освен за оние што со пропис се прогласени за доверливи, при што особено внимание им обрнува на факторите што потврдуваат дека со таквите постапки во согласност со прописите и дека се во јавен интерес.

## ПОГЛАВЈЕ VI - ОДНОСИ СО ВРАБОТЕНИТЕ ВО ЛОКАЛНАТА САМОУПРАВА

Вработувања и унапредувања во локалната самоуправа

Член 25

Функционерот се залага за спречување на вработување и унапредувањево администрацијата на локалната самоуправа врз основа на кои и да е други начела освен начелата на стручност, компетентност и покажани позитивни резултати во работата.

Почит кон вработените во локалните органи на власта

Член 26

Функционерот ги почитува и професионално се однесува кон вработените во администрацијата на локалната самоуправа, без оглед на нивната етничка, верска и политичка припадност или убедување и од нив не бара да се однесуваат на незаконси, коруптивен или неетички начин.

Унапредување на работата на локалната самоуправа

Член 27

Во рамките на својата должност, функционерот се залага за подобрување на условите за работа, мотивираноста и отчетот на администрацијата на локалната самоуправа, особено за ефикасноста и ефективно обезбедување на услугите на граѓаните.

## ПОГЛАВЈЕ VII - ОДНОСИ СО МЕДИУМИТЕ

Активна и пропорционална транспарентност

Член 28

Функционерот одговара исцрпно, искрено и целосно на секое барање од медиумите што се однесува на информации во врска со вршење на неговата должност, но нема да дава доверливи информации или информации во поглед на приватниот живот на функционерот или на трети лица.

Функционерот ги поттикнува и промовира мерките што служат за подобрување на мерките за медиумската покриеност на неговите овластувања, извршувањето на неговите задолженија и функционирањето на службите и одделите што се под негово раководство.

Во случај да нема доволна медиумска покриеност на општинските активности, со што би се обезбедила информираност на јавноста, функционерот ќе превземе соодветни програмски иницијативи за да се обезбеди таква покриеност.

## ПОГЛАВЈЕ VIII – ИНФОРМИРАЊЕ , ДИСТРИБУЦИЈА И ПОДИГАЊЕ НА СВЕСТА

Поддршка на спроведувањето на Етичкиот кодекс

Член 29

Функционерот ги почитува медиумите, деловната заедница и граѓанскиот сектор и бара активна поддршка од нив во поттикнувањето на свеста за потребата за етичко однесување.

Прифаќање на Етичкиот кодекс од функционерите

Член 30

Пред стапување на должност, функционерот по писмен пат потврдува дека ги разбрал и ги прифаќа обврските од овој Кодекс и дека ќе се однесува во согласност со нив, што е неформален услов за превземање на должноста и започнување на нејзиното вршење.

Прифаќање на Етичкиот Кодекс од кандидатите на изборите

Член 31

Како потврда на намерата да се однесуваат етички и одговорно ако бидат избрани или именувани, кандидатите за функционери во локалната самоуправа можат писмено да го прифатат овојКодекс.

Објавување на Етичкиот Кодекс

Член 32

Во рамките на можностите, локалната самоуправа превзема мерки за што поширока дистрибуција на Кодексот со цел со него да бидат запознаени сите вработени во локалната самоуправа и колку што е можно поголем број граѓани, медиуми и невладини организации.

Следење на спроведувањето на Кодексот на ниво на локалната самоуправа

Член 33

Советот на локалната самоуправа може да основа тело за следење на почитувањето на овој Кодекс, кое може на функционерите, граѓаните и на медиумите да им дава објаснување за суштината на Кодексот, како и за деталите околу неговото спроведување.

Следење на спроведување на Кодексот на државно ниво

Член 34

Со прифаќањето на овој Кодекс, функционерот ја прифаќа и надлежноста за следење на неговото почитување од страна на тело на државно ниво кое би можело да биде формирано или одобрено од Заедницата на единиците на локалната самоуправа.

Член 35

Овој Кодекс влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен Гласник на Општина Берово".

Бр.09-4185/1 Совет на Општина Берово
18.12.2024 година Претседател
Б е р о в о Петар Ружински с.р.

***************

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ" бр.5/02 и Сл.весник на РСМ" бр.202/24) и член 62 став 1 од Статутот на Општина Берово („Службен гласник на Општина Берово" бр. 13/02, 18/07, 30/08, 20/10, 20/19, 47/21 и 30/23), Градоначалникот на Општина Берово донесува:

З А К Л У Ч О К

за објавување на

Одлука за прифаќање на донација

– опрема за потребите на ТППЕ Берово

Се објавува Одлука за прифаќање на донација – опрема за потребите на ТППЕ Берово, Бр.09-4186/1 што Советот на Општина Берово ја донесе на седницата што се одржа на 18.12.2024 годин

Бр.08-4213/18 ОПШТИНА БЕРОВО
19.12.2024 год. Градоначалник
Б е р о в о Звонко Пекевски с.р.

***************

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на Република Македонија'' бр.5/02 и "Службен весник на Република Северна Македонија'' бр.202/24) и член 19 став 2 точка 43 од Статутот на Општина Берово („Службен гласник на Општина Берово" бр.13/02, 18/07, 30/08, 20/10, 20/19, 47/21 и 30/23), а во врска со член 6 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа ("Службен Весник на Република Македонија" Бр.61/04……209/2018 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 244/19, 53/21, 77/21, 150/21 и 173/22), Советот на Општина Берово на 54-тата седница одржана на 18.12.2024 година <u>донесе</u>:

| | | | |
|---|---|---|---|
| 9. | Hidrantni nastavek C | Хидрант C | 1 број / 1 kos |
| 10. | Cevni mostički | Мост за црева | 4 комплета / 4 komplet |
| 11. | Naprtnjaca za gozdne požare | Напртњача за шумски пожари | 8 броја / 8 kom |
| 12. | Sesalni koš | Кошница за вшмукување вода | 1 број / 1 kom |
| 13. | Sekira | Секира | 2 броја / 2 kom |
| 14. | C cev | C црево | 4 броја / 4 kom |
| 15. | B cev | B црево | 1 број / 1 kom |
| 16. | škornjev BAS Lovrenc | Чизми BAS Lovrenc | 5 броја / 5 parov |
| 17. | C cev | C цевка | 10 боја / 10 |
| 18. | ročnik na zasun | Млазници | 2 броја / 2 |
| 19. | Obleka BAŠ | Професионална интервенциска облека | 1 број / 1 |
| 20. | IDA (pretečeni) | Изолирни дишни апарати | 2 броја / 2 |
| 21. | čelada gasilska | Шлемови | 30 броја / 30 |

## О Д Л У К А
## за прифаќање на донација

Член 1

Со оваа одлука, Општина Берово ја прифаќа донацијата дадена во добра и услуги од давателот Локален противпожарен сојуз на Општина Крањ (GASILSKA ZVEZA MESTINE OBCINE KRANJ).

Член 2

Донацијата која се дава на Општина Берово е со следните карактеристики:

| | | | |
|---|---|---|---|
| 1. | Gasilski delovni škornji | Работни чизми на пожарникар | 9 пара / 9 parov |
| 2. | Zaščitna obleka, hlače in jakna | Заштитна јакна, одело и панталони | 6 јакни и 9 панталони / 6 jakna, 9 pantalone |
| 3. | Dežni plašč in hlače komplet | Комплет панталони и јакна за дожд | 6 комплети / 6 kom |
| 4. | Delovna uniforma | Работна униформа | 37 јакни, 28 панталони, 13 капи / Jakna 37, pantalone 28, kapa 13 kom |
| 5. | Zaščitna čelada | Заштитна кацига | 13 броја / 13 kom |
| Противпожарни фитинзи и опрема / Gasilske armature in oprema | | | |
| 6. | Univerzalni turbo ročnik | Универзална турбо млазница | 1 број / 1 kos |
| 7. | Ročnik C | Млазница C | 8 броја / 8 kom |
| 8. | Trojak – razdelilec 1B – 3C | Троен сплитер / Разделник 1B – 3C | 2 броја / 2 kos |

Член 3

Трошоците за транспорт на опремата се на товар на Општина Берово.

За надомест на трошоците за транспорт ќе се изготви посебно решение.

Член 4

За донацијата ќе биде склучен посебен договор, помеѓу Градоначалникот на Општина Берово, како примател на донацијата и донаторот.

Член 5

Опремата ќе се користи за потребите на ТППЕ Берово. Целта на донацијата е да се обезбеди поголема заштита од пожари на територијата на општина Берово и подобра противпожарна опрема за единицата.

Член 6

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Берово“.

Бр.09-4186/1 Совет на Општина Берово
18.12.2024 година Претседател
Б е р о в о Петар Ружински с.р.

****************

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02 и Сл.весник на РСМ“ бр.202/24) и член 62 став 1 од Статутот на Општина Берово („Службен гласник на Општина Берово“ бр. 13/02, 18/07, 30/08, 20/10, 20/19, 47/21 и 30/23), Градоначалникот на Општина Берово донесува:

З А К Л У Ч О К

за објавување на

Р Е Ш Е Н И Е

за разрешување и именување на членови

во Управен одбор на ОЈУДГ “23 Август” Берово

Се објавува Р Е Ш Е Н И Е за разрешување и именување на членови во Управен одбор на ОЈУДГ “23 Август” Берово, Бр.09-4187/1 што Советот на Општина Берово го донесе на седницата што се одржа на 18.12.2024 година.

Бр.08-4213/19 ОПШТИНА БЕРОВО
19.12.2024 год. Градоначалник
Б е р о в о Звонко Пекевски с.р.

****************

Врз основа на член 36 став 1 точка 5 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02 и („Сл.весник на РСМ“ бр.202/24), член 114 став 17 од Законот за заштита на децата („Службен весник на Република Македонија” бр. 23/13, 12/14, 44/14, 144/14, 10/15, 25/15, 150/15, 192/15, 27/16, 163/17, 21/18, 198/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 104/19, 146/19, 275/19, 311/20, 294/21, 150/22 и 236/22) и член 19 став 2 точка 28 од Статутот на Општина Берово („Сл.гласник на Општина Берово“ бр.13/02, 18/07, 30/08, 20/10, 20/19, 47/21 и 30/23), а во врска со Барањето од ОЈУДГ “23 Август” Берово со Бр.02-220/1 од 11.12.2024 година, Советот на Општина Берово на 54-тата седница одржана на 18.12.2024 година, донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за разрешување и именување на членови во Управен одбор на ОЈУДГ “23 Август” Берово**

1. Од претставник од Советот на родители во Управниот одбор на ОЈУДГ “23 Август” Берово, поради престанување на основот за именување се разрешуваат:

   -Драгана Брашнарска (предходно именувана со Решение на Советот на Општина Берово со Бр.09-891 /1 од 03.03.2023 година) и
   - Маја Соколчевска (предходно именувана со Решение на Советот на Општина Берово со Бр.09-775 /1 од 18.02.2022 година)

2. За претставник од Советот на родители во Управниот одбор на ОЈУДГ “23 Август” Берово се именува:

   - Мирче Кировски и
   - Адријана Пехчевска.

3. Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Берово“.

Бр.09-4187/1 Совет на Општина Берово
18.12.2024 година Претседател
Б е р о в о Петар Ружински с.р.

****************

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02 и Сл.весник на РСМ“ бр.202/24) и член 62 став 1 од Статутот на Општина Берово („Службен гласник на Општина Берово“ бр. 13/02, 18/07, 30/08, 20/10, 20/19, 47/21 и 30/23), Градоначалникот на Општина Берово донесува:

З А К Л У Ч О К

за објавување на

Измена на Решение

за формирање на Општински совет за превенција на

детско престапништво на општина Берово

Се објавува Измена на Решение за формирање на Општински совет за превенција на детско престапништво на општина Берово, Бр.09-4188/1 што Советот на Општина Берово го донесе на седницата што се одржа на 18.12.2024 година.

Бр.08-4213/20 ОПШТИНА БЕРОВО
19.12.2024 год. Градоначалник
Б е р о в о Звонко Пекевски с.р.

****************

Врз основа на член 158 од Законот за правда на децата(„Службен весник на Република Македонија” бр. 148/2013, и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 152/19 и 275/19), член 19 став 19 точка 44 од Статутот на Општина Берово (Сужбен гласник на Општина Берово бр. 13/02, 18/07,30/08,30/09, 20/10, 20/19, 47/21 и 30/23), Советот на Општина Берово на 54-тата седница одржана на 18.12.2024 година донесе:

**Измена на Решение за формирање на Општински совет за превенција на детско престапништво на општина Берово**

**Член 1**

Се врши измена на Решение за формирање на Општински совет за превенција на детско престапништво на општина Берово со Бр.09-4236 /1 од 02.11.2023 година.

**Член 2**

Во точка 1 став 1 алинеја 6, се брише лицето Марија Кожарска, претставник од Совет на родители при ООУ “Никола Петров Русински” с.Русиново, општина Берово и на нејзино место се избира :

- Катица Алаѓозовска - претставник од Совет на родители, при ООУ “Никола Петров Русински” с.Русиново.

**Член 3**

Останатите лица од точка 1 и останатите точки од Решението за формирање на општински совет на детско престапништво на општина Берово со Бр.09-4236 /1 од 02.11.2023 година, остануваат непроменети.

**Член 4**

Оваа Одлука влегува со сила со денот на објавувањето во “Службен Гласник на Општина Берово”.

Бр.09-4188/1 Совет на Општина Берово
18.12.2024 година Претседател
Б е р о в о Петар Ружински с.р.

****************

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02 и Сл.весник на РСМ“ бр.202/24) и член 62 став 1 од Статутот на Општина Берово („Службен гласник на Општина Берово“ бр. 13/02, 18/07, 30/08, 20/10, 20/19, 47/21 и 30/23), Градоначалникот на Општина Берово донесува:

З А К Л У Ч О К

за објавување на

З А К Л У Ч О К

за давање на согласност на Програмата за работа на
ЈПКР "Услуга" Берово за 2025 година

Се објавува З А К Л У Ч О К за давање на согласност на Програмата за работа на ЈПКР "Услуга" Берово за 2025 година, Бр.09-4189/1 што Советот на Општина Берово го донесе на седницата што се одржа на 18.12.2024 година.

Бр.08-4213/21 ОПШТИНА БЕРОВО
19.12.2024 год. Градоначалник
Б е р о в о Звонко Пекевски с.р.

****************

Врз основа на член 36 став 1 точка 6 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ" бр.5/02 и "Сл.весник на РСМ" бр.202/24), член 19 став 2 точка 29 од Статутот на Општина Берово („Службен гласник на Општина Берово"бр. 13/02, 18/07, 30/08, 20/10,20/19, 47/21 и 30/23), Советот на Општина Берово на 54-тата седницата одржана на 18.12.2024 година донесе:

З А К Л У Ч О К
за давање на согласност на Програмата за работа на
ЈПКР "Услуга" Берово за 2025 година

1. Советот на Општина Берово дава согласност на Програмата за работа на ЈПКР "Услуга" Берово за 2025 година, усвоена од Управен одбор на ЈПКР "Услуга" Берово со Одлука бр.02-374/2 од 10.12.2024 година.
2. Овој Заклучок влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Берово".

Бр.09-4189/1 Совет на Општина Берово
18.12.2024 година Претседател
Б е р о в о Петар Ружински с.р.

****************

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ" бр.5/02 и Сл.весник на РСМ" бр.202/24) и член 62 став 1 од Статутот на Општина Берово („Службен гласник на Општина Берово" бр. 13/02, 18/07, 30/08, 20/10, 20/19, 47/21 и 30/23), Градоначалникот на Општина Берово донесува:

З А К Л У Ч О К

за објавување на

О Д Л У К А

за усвојување на Годишната Програма за работа на
Дом на култура "Димитар Беровски" Берово за 2025 година

Се објавува О Д Л У К А за усвојување на Годишната Програма за работа на Дом на култура "Димитар Беровски" Берово за 2025 година, Бр.09-4190/1 што Советот на Општина Берово ја донесе на седницата што се одржа на 18.12.2024 година.

Бр.08-4213/22 ОПШТИНА БЕРОВО
19.12.2024 год. Градоначалник
Б е р о в о Звонко Пекевски с.р.

****************

Врз основа на член 36 став 1 точка 6 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ"бр.5/02 и "Сл.весник на РСМ" бр.202/2024) и член 19 став 2 точка 29 од Статутот на Општина Берово („Сл.гласник на Општина Берово" бр.13/02, 18/07, 30/08, 20/10, 20/19, 47/21 и 30/23), Советот на Општина

Берово на 54-тата седница одржана на 18.12.2024 година донесе:

О Д Л У К А
за усвојување на Годишната Програма за работа на
Дом на култура "Димитар Беровски" Берово за 2025 година

1. Се усвојува Годишната Програма за работа на Дом на култура "Димитар Беровски" Берово за 2025 година со Бр.01-120/1 од 06.12.2024 година.

2. Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Берово".

Бр.09-4190/1 Совет на Општина Берово
18.12.2024 година Претседател
Б е р о в о Петар Ружински с.р.

****************

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ" бр.5/02 и Сл.весник на РСМ" бр.202/24) и член 62 став 1 од Статутот на Општина Берово („Службен гласник на Општина Берово" бр. 13/02, 18/07, 30/08, 20/10, 20/19, 47/21 и 30/23), Градоначалникот на Општина Берово донесува:

З А К Л У Ч О К
за објавување на
З А К Л У Ч О К
за усвојување на
III Квартален Извештај за реализација на
Програмата Г1
за поддршка на локалниот економски развој на Општина Берово за 2024 година за период од 01.01.2024 година – 30.09.2024 година

Се објавува З А К Л У Ч О К за усвојување на III Квартален Извештај за реализација на Програмата Г1 за поддршка на локалниот економски развој на Општина Берово за 2024 година за период од 01.01.2024 година – 30.09.2024 година, Бр.09-4191/1 што Советот на Општина Берово го донесе на седницата што се одржа на 18.12.2024 година.

Бр.08-4213/23 ОПШТИНА БЕРОВО
19.12.2024 год. Градоначалник
Б е р о в о Звонко Пекевски с.р.

****************

Врз основа на член 36 став 1 точка15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ" бр.5/02 и "Службен весник на РСМ" бр.202/24) и член 19 став 2 точка 44 од Статутот на Општина Берово („Службен гласник на Општина Берово"бр. 13/02, 18/07, 30/08, 20/10, 20/19, 47/21 и 30/23), Советот на Општина Берово на 54-та седница одржана на 18.12.2024 година, донесе:

З А К Л У Ч О К
за усвојување на
III Квартален Извештај за реализација на
Програмата Г1
за поддршка на локалниот економски развој на Општина Берово за 2024 година за период од 01.01.2024 година – 30.09.2024 година

1. Се усвојува III Квартален Извештај за реализација на Програмата Г1 за поддршка на локалниот економски развој на Општина Берово за 2024 година за период од 01.01.2024 година – 30.09.2024 година.

2. Овој Заклучок влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Берово“.

Бр.09-4191/1 Совет на Општина Берово
18.12.2024 година Претседател
Б е р о в о Петар Ружински с.р.

****************

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02 и Сл.весник на РСМ“ бр.202/24) и член 62 став 1 од Статутот на Општина Берово („Службен гласник на Општина Берово“ бр. 13/02, 18/07, 30/08, 20/10, 20/19, 47/21 и 30/23), Градоначалникот на Општина Берово донесува:

З А К Л У Ч О К

за објавување на

З А К Л У Ч О К

за усвојување на

III Квартален Извештај за реализација на Програмата Г2 за активностите на

Општина Берово за 2024 година во областа на туризмот

за период од 01.01.2024 година – 30.09.2024 година

Се објавува З А К Л У Ч О К за усвојување на III Квартален Извештај за реализација на Програмата Г2 за активностите на Општина Берово за 2024 година во областа на туризмот за период од 01.01.2024 година – 30.09.2024 година, Бр.09-4192/1 што Советот на Општина Берово го донесе на седницата што се одржа на 18.12.2024 година.

Бр.08-4213/24 ОПШТИНА БЕРОВО
19.12.2024 год. Градоначалник
Б е р о в о Звонко Пекевски с.р.

****************

Врз основа на член 36 став 1 точка15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02 и “Службен весник на РСМ” бр.202/24) и член 19 став 2 точка 44 од Статутот на Општина Берово („Службен гласник на Општина Берово“бр. 13/02, 18/07, 30/08, 20/10, 20/19, 47/21 и 30/23), Советот на Општина Берово на 54-та седница одржана на 18.12.2024 година, донесе:

З А К Л У Ч О К

за усвојување на

III Квартален Извештај за реализација на Програмата Г2 за активностите на Општина Берово за 2024 година во областа на туризмот за период од 01.01.2024 година – 30.09.2024 година

1. Се усвојува III Квартален Извештај за реализација на Програмата Г2 за активностите на Општина Берово за 2024 година во областа на туризмот за период од 01.01.2024 година – 30.09.2024 година.

2. Овој Заклучок влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Берово“.

Бр.09-4192/1 Совет на Општина Берово
18.12.2024 година Претседател
Б е р о в о Петар Ружински с.р.

****************

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02 и Сл.весник на РСМ“ бр.202/24) и член 62 став 1 од Статутот на Општина Берово („Службен гласник на Општина Берово“ бр. 13/02, 18/07, 30/08, 20/10, 20/19, 47/21 и 30/23),

Градоначалникот на Општина Берово донесува:

З А К Л У Ч О К

за објавување на

З А К Л У Ч О К

за усвојување на

Кумулативен извештај за реализираните активности и исплатените средства

од Програмата за развој на спортот и спортско рекреативните активности на граѓаните во Општина Берово за 2024 година за период од 01.01.2024 година – 30.09.2024 година

Се објавува З А К Л У Ч О К за усвојување на Кумулативен извештај за реализираните активности и исплатените средства од Програмата за развој на спортот и спортско рекреативните активности на граѓаните во Општина Берово за 2024 година за период од 01.01.2024 година – 30.09.2024 година, Бр.09-4193/1 што Советот на Општина Берово го донесе на седницата што се одржа на 18.12.2024 година.

Бр.08-4213/25 ОПШТИНА БЕРОВО
19.12.2024 год. Градоначалник
Б е р о в о Звонко Пекевски с.р.

****************

Врз основа на член 36 став 1 точка15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02 и “Службен весник на РСМ” бр.202/24) и член 19 став 2 точка 44 од Статутот на Општина Берово („Службен гласник на Општина Берово“бр. 13/02, 18/07, 30/08, 20/10, 20/19, 47/21 и 30/23), Советот на Општина Берово на 54-та седница одржана на 18.12.2024 година, донесе:

З А К Л У Ч О К

за усвојување на

Кумулативен извештај за реализираните активности и исплатените средства од Програмата за развој на спортот и спортско рекреативните активности на граѓаните во Општина Берово за 2024 година

за период од 01.01.2024 година – 30.09.2024 година

1. Се усвојува Кумулативен извештај за реализираните активности и исплатените средства од Програмата за развој на спортот и спортско рекреативните активности на граѓаните во Општина Берово за 2024 година за период од 01.01.2024 година – 30.09.2024 година.

2. Овој Заклучок влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Берово“.

Бр.09-4193/1 Совет на Општина Берово
18.12.2024 година Претседател
Б е р о в о Петар Ружински с.р.

****************

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02 и Сл.весник на РСМ“ бр.202/24) и член 62 став 1 од Статутот на Општина Берово („Службен гласник на Општина Берово“ бр. 13/02, 18/07, 30/08, 20/10, 20/19, 47/21 и 30/23), Градоначалникот на Општина Берово донесува:

З А К Л У Ч О К

за објавување на

З А К Л У Ч О К

за усвојување на

Кумулативен извештај за реализација на Програмата за активностите на

Општина Берово во областа на социјалната заштита за 2024 година

за период од 01.01.2024 година – 30.09.2024 година

Се објавува З А К Л У Ч О К за усвојување на Кумулативен извештај за реализација на Програмата за активностите на Општина Берово во областа на социјалната заштита за 2024 година за период од 01.01.2024 година – 30.09.2024 година, Бр.09-4194/1 што Советот на Општина Берово го донесе на седницата што се одржа на 18.12.2024 година.

Бр.08-4213/26 ОПШТИНА БЕРОВО
19.12.2024 год. Градоначалник
Б е р о в о Звонко Пекевски с.р.

****************

Врз основа на член 36 став 1 точка15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02 и “Службен весник на РСМ” бр.202/24) и член 19 став 2 точка 44 од Статутот на Општина Берово („Службен гласник на Општина Берово“бр. 13/02, 18/07, 30/08, 20/10, 20/19, 47/21 и 30/23), Советот на Општина Берово на 54-та седница одржана на 18.12.2024 година, донесе:

З А К Л У Ч О К

за усвојување на

Кумулативен извештај за реализација на

Програмата за активностите на Општина

Берово во областа на социјалната заштита за

2024 година

за период од 01.01.2024 година – 30.09.2024

година

1. Се усвојува Кумулативен извештај за реализација на Програмата за активностите на Општина Берово во областа на социјалната заштита за 2024 година за период од 01.01.2024 година – 30.09.2024 година.

2. Овој Заклучок влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Берово“.

Бр.09-4194/1 Совет на Општина Берово
18.12.2024 година Претседател
Б е р о в о Петар Ружински с.р.

****************

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02 и Сл.весник на РСМ“ бр.202/24) и член 62 став 1 од Статутот на Општина Берово („Службен гласник на Општина Берово“ бр. 13/02, 18/07, 30/08, 20/10, 20/19, 47/21 и 30/23), Градоначалникот на Општина Берово донесува:

З А К Л У Ч О К

за објавување на

З А К Л У Ч О К

за усвојување на

Кумулативен извештај за реализација на Програмата за активностите на

Општина Берово во областа на културата во 2024 година

за период од 01.01.2024 година – 30.09.2024 година

Се објавува З А К Л У Ч О К за усвојување на Кумулативен извештај за реализација на Програмата за активностите на Општина Берово во областа на културата во 2024 година за период од 01.01.2024 година –

30.09.2024 година, Бр.09-4195/1 што Советот на Општина Берово го донесе на седницата што се одржа на 18.12.2024 година.

Бр.08-4213/27 ОПШТИНА БЕРОВО
19.12.2024 год. Градоначалник
Б е р о в о Звонко Пекевски с.р.

****************

Врз основа на член 36 став 1 точка15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02 и “Службен весник на РСМ” бр.202/24) и член 19 став 2 точка 44 од Статутот на Општина Берово („Службен гласник на Општина Берово“бр. 13/02, 18/07, 30/08, 20/10, 20/19, 47/21 и 30/23), Советот на Општина Берово на 54-та седница одржана на 18.12.2024 година, донесе:

З А К Л У Ч О К
за усвојување на
Кумулативен извештај за реализација на Програмата за активностите на Општина Берово во областа на културата во 2024 година
за период од 01.01.2024 година – 30.09.2024 година

1. Се усвојува Кумулативен извештај за реализација на Програмата за активностите на Општина Берово во областа на културата во 2024 година за период од 01.01.2024 година – 30.09.2024 година.
2. Овој Заклучок влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Берово“.

Бр.09-4195/1 Совет на Општина Берово
18.12.2024 година Претседател
Б е р о в о Петар Ружински с.р.

****************

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02 и Сл.весник на РСМ“ бр.202/24) и член 62 став 1 од Статутот на Општина Берово („Службен гласник на Општина Берово“ бр. 13/02, 18/07, 30/08, 20/10, 20/19, 47/21 и 30/23), Градоначалникот на Општина Берово донесува:

З А К Л У Ч О К
за објавување на
З А К Л У Ч О К
за усвојување на
Извештај од Програмата за еднакви можности меѓу жените и мажите на Општина
Берово за 2024 година за период од 01.01.2024 година – 30.09.2024 година

Се објавува З А К Л У Ч О К за усвојување на Извештај од Програмата за еднакви можности меѓу жените и мажите на Општина Берово за 2024 година за период од 01.01.2024 година – 30.09.2024 година, Бр.09-4196/1 што Советот на Општина Берово го донесе на седницата што се одржа на 18.12.2024 година.

Бр.08-4213/28 ОПШТИНА БЕРОВО
19.12.2024 год. Градоначалник
Б е р о в о Звонко Пекевски с.р.

****************

Врз основа на член 36 став 1 точка15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02 и “Службен весник на РСМ” бр.202/24) и член 19 став 2 точка 44 од Статутот на Општина Берово („Службен гласник на Општина Берово“бр. 13/02, 18/07, 30/08, 20/10, 20/19, 47/21 и 30/23), Советот на

Општина Берово на 54-та седница одржана на 18.12.2024 година, донесе:

З А К Л У Ч О К
за усвојување на
Извештај од Програмата за еднакви можности меѓу жените и мажите на Општина Берово за 2024 година за период од 01.01.2024 година – 30.09.2024 година

1. Се усвојува Извештај од Програмата за еднакви можности меѓу жените и мажите на Општина Берово за 2024 година за период од 01.01.2024 година – 30.09.2024 година.

2. Овој Заклучок влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Берово“.

Бр.09-4196/1 Совет на Општина Берово
18.12.2024 година Претседател
Б е р о в о Петар Ружински с.р.

****************

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02 и Сл.весник на РСМ“ бр.202/24) и член 62 став 1 од Статутот на Општина Берово („Службен гласник на Општина Берово“ бр. 13/02, 18/07, 30/08, 20/10, 20/19, 47/21 и 30/23), Градоначалникот на Општина Берово донесува:

З А К Л У Ч О К
за објавување на
З А К Л У Ч О К
за усвојување на
Кумулативен извештај за реализација на Програмата за одбележување на значајни настани и истакнати личности со спомен обележја во Општина Берово за 2024 година за период од 01.01.2024 година – 30.09.2024 година

Се објавува З А К Л У Ч О К за усвојување на Кумулативен извештај за реализација на Програмата за одбележување на значајни настани и истакнати личности со спомен обележја во Општина Берово за 2024 година за период од 01.01.2024 година – 30.09.2024 година, Бр.09-4197/1 што Советот на Општина Берово го донесе на седницата што се одржа на 18.12.2024 година.

Бр.08-4213/29 ОПШТИНА БЕРОВО
19.12.2024 год. Градоначалник
Б е р о в о Звонко Пекевски с.р.

****************

Врз основа на член 36 став 1 точка15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02 и “Службен весник на РСМ” бр.202/24) и член 19 став 2 точка 44 од Статутот на Општина Берово („Службен гласник на Општина Берово“бр. 13/02, 18/07, 30/08, 20/10, 20/19, 47/21 и 30/23), Советот на Општина Берово на 54-та седница одржана на 18.12.2024 година, донесе:

З А К Л У Ч О К
за усвојување на
Кумулативен извештај за реализација на Програмата за одбележување на значајни настани и истакнати личности со спомен обележја во Општина Берово за 2024 година за период од 01.01.2024 година – 30.09.2024 година

1. Се усвојува Кумулативен извештај за реализација на Програмата за одбележување на значајни настани и истакнати личности со спомен обележја во Општина Берово за 2024 година за период од 01.01.2024 година – 30.09.2024 година.

2. Овој Заклучок влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Берово“.

Бр.09-4197/1 Совет на Општина Берово
18.12.2024 година Претседател
Б е р о в о Петар Ружински с.р.

****************

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02 и Сл.весник на РСМ“ бр.202/24) и член 62 став 1 од Статутот на Општина Берово („Службен гласник на Општина Берово“ бр. 13/02, 18/07, 30/08, 20/10, 20/19, 47/21 и 30/23), Градоначалникот на Општина Берово донесува:

З А К Л У Ч О К

за објавување на

З А К Л У Ч О К

за усвојување на

Кумулативен извештај за реализација на Програмата за активностите на

Општина Берово од областа на образованието за 2024 година

за период од 01.01.2024 година – 30.09.2024 година

Се објавува З А К Л У Ч О К за усвојување на Кумулативен извештај за реализација на Програмата за активностите на Општина Берово од областа на образованието за 2024 година за период од 01.01.2024 година – 30.09.2024 година;, Бр.09-4198/1 што Советот на Општина Берово го донесе на седницата што се одржа на 18.12.2024 година.

Бр.08-4213/30 ОПШТИНА БЕРОВО
19.12.2024 год. Градоначалник
Б е р о в о Звонко Пекевски с.р.

****************

Врз основа на член 36 став 1 точка15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02 и “Службен весник на РСМ” бр.202/24) и член 19 став 2 точка 44 од Статутот на Општина Берово („Службен гласник на Општина Берово“бр. 13/02, 18/07, 30/08, 20/10, 20/19, 47/21 и 30/23), Советот на Општина Берово на 54-та седница одржана на 18.12.2024 година, донесе:

З А К Л У Ч О К

за усвојување на

Кумулативен извештај за реализација на Програмата за активностите на Општина Берово од областа на образованието за 2024 година за период од 01.01.2024 година – 30.09.2024 година

1. Се усвојува Кумулативен извештај за реализација на Програмата за активностите на Општина Берово од областа на образованието за 2024 година за период од 01.01.2024 година – 30.09.2024 година.

2. Овој Заклучок влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Берово“.

Бр.09-4198/1 Совет на Општина Берово
18.12.2024 година Претседател
Б е р о в о Петар Ружински с.р.

****************

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02 и Сл.весник на РСМ“ бр.202/24) и член 62 став 1 од Статутот на Општина Берово („Службен гласник на Општина Берово“ бр. 13/02, 18/07, 30/08, 20/10, 20/19, 47/21 и 30/23), Градоначалникот на Општина Берово донесува:

З А К Л У Ч О К

за објавување на

З А К Л У Ч О К

за усвојување на

Извештај за реализација на Програмата за изградба,

реконструкција,одржување и заштита на локални патишта и улици

во Општина Берово во 2024 година

Се објавува З А К Л У Ч О К за усвојување на Извештај за реализација на Програмата за изградба, реконструкција,одржување и заштита на локални патишта и улици во Општина Берово во 2024 година, Бр.09-4199/1 што Советот на Општина Берово го донесе на седницата што се одржа на 18.12.2024 година.

| | |
|---|---|
| Бр.08-4213/31 | ОПШТИНА БЕРОВО |
| 19.12.2024 год. | Градоначалник |
| Б е р о в о | Звонко Пекевски с.р. |

****************

Врз основа на член 36 став 1 точка15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02 и “Службен весник на РСМ” бр.202/24) и член 19 став 2 точка 44 од Статутот на Општина Берово („Службен гласник на Општина Берово“бр. 13/02, 18/07, 30/08, 20/10, 20/19, 47/21 и 30/23), Советот на Општина Берово на 54-та седница одржана на 18.12.2024 година, донесе:

З А К Л У Ч О К

за усвојување на

Извештај за реализација на Програмата за изградба, реконструкција,одржување и заштита на локални патишта и улици во Општина Берово во 2024 година

1. Се усвојува Извештај за реализација на Програмата за изградба, реконструкција, одржување и заштита на локални патишта и улици во Општина Берово во 2024 година.

2. Советот дава согласност на сите исплати кои ќе бидат реализирани од страна на Општина Берово по оваа Програма, заклучно со 31.12.2024 година.

3. Се задолжува Одделението за комунални дејности и заштита на животната средина при Општина Берово да достави информација до Советот на Општина Берово за исплатите кои ќе бидат направени од денот на донесување на овој заклучок до 31.12.2024 година, а за нивно запознавање.

4. Овој Заклучок влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Берово“.

| | |
|---|---|
| Бр.09-4199/1 | Совет на Општина Берово |
| 18.12.2024 година | Претседател |
| Б е р о в о | Петар Ружински с.р. |

****************

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02 и Сл.весник на РСМ“ бр.202/24) и член 62 став 1 од Статутот на Општина Берово („Службен гласник на Општина Берово“ бр. 13/02, 18/07, 30/08, 20/10, 20/19, 47/21 и 30/23), Градоначалникот на Општина Берово донесува:

З А К Л У Ч О К

за објавување на

Р Е Ш Е Н И Е
за доделување на средства од
Буџетот на Општина Берово за 2024 година

Се објавува Р Е Ш Е Н И Е за доделување на средства од Буџетот на Општина Берово за 2024 година, Бр.09-4043/2 што Советот на Општина Берово го донесе на седницата што се одржа на 18.12.2024 година.

Бр.08-4213/32 ОПШТИНА БЕРОВО
19.12.2024 год. Градоначалник
Б е р о в о Звонко Пекевски с.р.

****************

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (“Службен Весник на Република Македонија” бр.5/2002 и “Службен весник на РСМ” бр.202/24), и член 19 став 2 точка 44 од Статутот на Општина Берово (“Службен гласник на Општина Берово” бр.13/2002, 18/2007, 30/2008, 20/2010, 20/19, 47/21 и 30/23) и член 17 од Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Берово за 2024 година со бр. 09-2369/1 од 16.07.2024 година, Советот на Општина Берово на 54-тата Седница одржана на ден 18.12.2024 година донесе:

Р Е Ш Е Н И Е

за доделување на средства од

Буџетот на Општина Берово за 2024 година

1. На Калина Јовановска со адреса на живеење на ул.„Партизанска“ бр.xxxx, Берово, со ЕМБГ xxxxx, и’ се доделуваат 10.000,оо денари еднократна парична помош за болничко лекување.

2. Средствата за таа намена ќе бидат исплатени од Буџетот на Општина Берово за 2024 година, програма А0, потставка 412110 – постојана резерва (непредвидливи расходи).

3. Се задолжува Одделението за финансиски прашања на Општина Берово да го спроведе ова Решение на трансакциска сметка на Калина Јовановска со бр. xxxxxx при Стопанска Банка АД СКОПЈЕ, со назнака еднократна парична помош за болничко лекување.

4. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во “Службен гласник на Општина Берово”.

Бр.09-4034/2 Совет на Општина Берово
18.12.2024 година Претседател
Б е р о в о Петар Ружински с.р.

****************

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02 и Сл.весник на РСМ“ бр.202/24) и член 62 став 1 од Статутот на Општина Берово („Службен гласник на Општина Берово“ бр. 13/02, 18/07, 30/08, 20/10, 20/19, 47/21 и 30/23), Градоначалникот на Општина Берово донесува:

З А К Л У Ч О К

за објавување на

Р Е Ш Е Н И Е
за доделување на средства од
Буџетот на Општина Берово за 2024 година

Се објавува Р Е Ш Е Н И Е за доделување на средства од Буџетот на Општина Берово за 2024 година, Бр.09-3969/2 што Советот на Општина Берово го донесе на седницата што се одржа на 18.12.2024 година.

Бр.08-4213/33 ОПШТИНА БЕРОВО
19.12.2024 год. Градоначалник
Б е р о в о Звонко Пекевски с.р.

****************

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа ("Службен Весник на Република Македонија" бр.5/2002), и член 19 став 2 точка 44 од Статутот на Општина Берово ("Службен гласник на Општина Берово" бр.13/2002, 18/2007, 30/2008, 20/2010, 20/19 и 47/21), а во врска со Вашето барање со наш арх.бр.08-3969/1 од 29.11.2024 година, Советот на Општина Берово на 54-та Седница одржана на ден 18.12.2024година донесе:

Р Е Ш Е Н И Е
за доделување на средства од
Буџетот на Општина Берово

1. На Фондација „Елеуса" со адреса на ул.„Кирил и Методиј" бр.хх, Струмица, се доделуваат 100.000,оо денари кои средства ќе се искористат како хуманитарна помош на територијата на општина Берово.

2. Средствата за таа намена ќе бидат исплатени од Буџетот на Општина Берово за 2025 година.

3. Се задолжува Одделението за финансиски прашања на Општина Берово да го спроведе ова Решение на трансакциска сметка на Фондација „Елеуса" Струмица со бр.ххххх при КОМЕРЦИЈАЛНА БАНКА АД СКОПЈЕ, со назнака „ за хуманитарна помош на територијата на општина Берово" .

4. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Берово".

Бр.09-3969/2 Совет на Општина Берово
18.12.2024 година Претседател
Б е р о в о Петар Ружински с.р.

****************

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ" бр.5/02 и Сл.весник на РСМ" бр.202/24) и член 62 став 1 од Статутот на Општина Берово („Службен гласник на Општина Берово" бр. 13/02, 18/07, 30/08, 20/10, 20/19, 47/21 и 30/23), Градоначалникот на Општина Берово донесува:

З А К Л У Ч О К

за објавување на

Р Е Ш Е Н И Е
за доделување на средства од
Буџетот на Општина Берово за 2024 година

Се објавува Р Е Ш Е Н И Е за доделување на средства од Буџетот на Општина Берово за 2024 година, Бр.09-4123/2 што Советот на Општина Берово го донесе на седницата што се одржа на 18.12.2024 година.

Бр.08-4213/34 ОПШТИНА БЕРОВО
19.12.2024 год. Градоначалник
Б е р о в о Звонко Пекевски с.р.

****************

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа ("Службен Весник на Република Македонија" бр.5/2002), член 19 став 2 точка 44 од Статутот на Општина Берово ("Службен гласник на Општина Берово" бр.13/2002, 18/2007, 30/2008, 20/2010, 20/19, 47/21 и 30/23), а во врска со Барањето примено во Општина Берово со Бр.09-4123/1 од 12.12.2024 година, Советот на Општина Берово на 54-та Седница одржана на ден 18.12.2024 година донесе:

Р Е Ш Е Н И Е
за доделување на средства од
Буџетот на Општина Берово

5. На Јавна Установа Меѓуопштински Центар за Социјална Работа Берово, со ЕДБ 4001981101074, се доделуваат 50% од вредноста на стварта, но не повеќе од 15.000,оо денари, за набавка на машина за перење на алишта, за потребите на Дневниот

центар за лица со телесна или ментална попреченост.

6. Средствата за таа намена ќе бидат исплатени од Буџетот на Општина Берово програма А0, потставка 412110 – постојана резерва (непревиделиви расходи).

7. Се задолжува Одделението за финансиски прашања на Општина Берово да го спроведе ова Решение по доставена фактура од добавувачот на трезорска сметка на ЈУМЦСР Берово со бр.100000000063095, сметка на примач: 150010270478518, приходна шифра: 725939, програма: 41, со назнака "за набавка на машина за перење на алишта за потребите на Дневниот центар за лица со телесна или ментална попреченост."

8. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Берово".

Бр.09-4123/2 Совет на Општина Берово
18.12.2024 година Претседател
Б е р о в о Петар Ружински с.р.

*****************

Врз основа на член 50 став 1 точка 16 од Законот за локална самоуправа („Службен Весник на РМ" бр.02/05 и „Службен весник на РСМ" бр.202/2024 ), член 71 став 1 точка 8 од Статутот на општина Берово („Службен гласник на Општина Берово„ бр.13/02,18/07,30/08,20/10,20/19,47/21 и 30/23) , член 39 од Законот за вработени во јавниот сектор („Службен весник" на РМ бр.27/14, 199/14, 153/15, 190/16, 21/18 и „Службен весник на рсм" бр.143/19, 14/20 и 208/204) како и Уредбата за начинот на располагање со примените подароци, начинот на управување со евиденцијата на примените подароци и други прашања во врска со примањето на подароци („Службен весник на РМ" бр.153/14), Градоначалникот на Општина Берово донесе:

**Правилник за постапување со подароци, погодности и гостопримства во Општина Берово**

## I ОПШТИ ОДРЕДБИ

**Член 1**

Со овој Правилник се уредува начинот на постапување со подароци, погодности и гостопримства во Општина Берово.

**Член 2**

Одредбите на овој Правилник се однесуваат на службените лица во Општина Берово и тоа: Градоначалникот, вработените во Општина Берово, вработените ангажирани по договор за дело, приватни агенции за вработување или други форми на ангажирање(надворешни експерти,советници и слично).

**Член 3**

Во Општина Берово може да се примаат подароци само под услови и на начин утврдени со закон.

Прифаќањето и давањето на подароци, погодности и гостопримства во рамките на службената должност може да преставува ризик за личниот и институционалниот интегритет и да доведе до создавање на реален, потенцијален или привиден судир на интереси и нарушен личен и институционален углед.

Несоодветното постапување со подароците, погодностите и гостопримствата може да доведе до негативни индивидуални и институционални последици во Општина Берово.

Примањето на подароци спротивно на закон е квалификација на повеќе кривични дела утврдени во Кривичниот законик.

**Член 4**

Под поимот подарок се подразбира придобивка која има одредена вредност и се нуди на и/или се прима од службеното лице во рамките на должностите што ги врши.

Подарокот утврден во став 1 од овој член може да се појави во повеќе форми, односно може да биде материјално добро (во

форма на недвижни ствари и движни ствари) или нематеријално добро.

**Член 5**

Под поимот погодност се подразбира нематеријално добро кое вклучува повластен третман, привилегиран пристап, услуги или други предности, лични услуги, понуди за работа, покани на спортски и други настани од забавен карактер кои носат лична придобивка за службеното лице.

**Член 6**

Под поимот гостопримство се подразбира нудење и прифаќање на покани за приеми, учества и патувања, деловни и други официјални настани, деловни патувања и сместување, учества на конференции, деловни ручеци како и давање на други слични услуги.

## II НАЧИН НА ПОСТАПУВАЊЕ СО ПОДАРОЦИ, ПОГОДНОСТИ И ГОСТОПРИМСТВА ВО ОПШТИНА БЕРОВО

**Член 7**

Службените лица во Општина Берово не смеат да ја користат функцијата заради остварување на имотна, финансиска или друга корист за себе или за друг, како и да бараат и примаат подароци за вршење на функцијата.

**Член 8**

Градоначалникот на Општина Берово во име на општината може да дава подароци од домашно производство во износ не поголем од 100 евра во денарска противвредност, според среден курс на НБРСМ на денот на набавката на подарокот.

Како подароци не може да се даваат предмети што имаат културно, историско и археолошко значење и вредност за Република Северна Македонија а кои се заштитени со закон.

**Член 9**

Градоначалникот на Општина Берово може да прими подарок од преставници на странска држава, орган, институција или меѓународна организација во знак на соработка, благодарност или почит.

Градоначалникот подарокот може да го задржи во сопственост како личен дар доколку вредноста на примениот подарок не ја надминува вредноста од 50 евра во денарска противвредност по средниот курс на НБРМ на денот на примање на подарокот.

Останатите службените лица во Општина Берово не смеат да примаат подароци поврзани со нивната работа со исклучок на протоколарни и повремени подароци од пониска вредност а тоа се оние што не ја надминуваат вредноста од 1000 денари или подароци добиени од иста личност чија вкупна вредност не надминува 3000 денари во дадена година.

Подароци примени од страна на службени лица или меѓународни организации дадени за време на посети, гостувања и слично, се сметаат за протоколарни податоци.

Оваа забрана и ограничување се однесуваат и на брачниот другар на службеното лице, на лица кои живеат заедно во вонбрачна заедница, родители и на лица кои живеат во исто домаќинство.

Службените лица се должни да ги предупредат дарителите дека подароците што ја надминуваат вредноста од ставот 1 на овој член стануваат сопственост на општината.

Податоците за примените подароци, нивната вредност, дарителите и другите околности се внесуваат во евиденција на подароци.

**Член 10**

Во Општина Берово лицето за интегритет, кое е овластено лице за подароци, води евиденција на примените подароци и ќе се грижи за прием, складирање и чување на подароците.

**Член 11**

Службеното лице што го примило подарокот во рок од 8 дена од приемот го пријавуваат до овластеното лице.

Пријавата за примен подарок содржи:

-име и презиме на примателот на подарокот,

-функцијата која ја извршува,

-назив на органот во кој врши функција,

-име, презиме и адреса на дарителот (назив и седиште на правното лице или органот, доколку подарокот е даден во име на правно лице или орган),

-датум на прием на подарокот,

-опис на подарокот,

-во чија сопственост ќе биде подарокот (приватна-личен дар или општинска)

-датум на предавање на подарокот на органот (доколку примателот на подарокот одлучи дека подарокот ќе стане ствар во општинска сопственост),

-вредност на подарокот,

-место и датум на поднесување на пријавата за примен подарок,

-потпис на примателот на подарокот и

-печат и потпис на овластеното лице на општината од ставот 1 на овој член.

**Член 12**

Овластеното лице води евиденција на примените подароци која ги содржи следниве податоци:

-име и презиме на примателот на подарокот,

-извршувал функција во моментот на примање на подарокот,

-име, презиме и адреса на дарителот (назив и седиште на правното лице или органот, доколку подарокот е даден во име на правно лице или орган),

-опис на подарокот,

-проценета вредност на подарокот,

-датум на дарување,

-во чија сопственост ќе биде подарокот (лична или општинска) и

-датум на предавање на подарокот.

**Начин на постапување со погодности**

**Член 13**

Службените лица во Општина Берово не смеат да прифатат било каква погодност во вршење на својата служба а доколку добие понуда истата да ја одбие и да го извести овластеното лице.

**Начин на постапување со гостопримства**

**Член 14**

Начинот на постапување со гостопримствата до давање и прифаќање на гостопримства се заснова на принципот на разумност и транспрантност.

При постапувањето, службеното лице има обврска:

-да се однесува примерно и достоинствено,

-да внимава да не го наруши угледот и довербата на општината,

-да избегнува ситуации кои се во судир со етичките норми кои би можеле да бидат причина за уцена со цел да се влијае врз непристрасното и професионално одлучување во службата,

-да внимава да не го доведе во прашање личниот и институционалниот углед,

-да внимава со постојаното неприфаќање на гостопримствата да не го навреди лицето,

-разумно да процени за прифаќање или одбивање на поканите за работилници, трибини или семинари, организирани од институции, организации или асоцијации поврзани со неговата професија,

-да ја почитува финансиската дисциплина за трошење на буџетски средтсва од Општина Берово, односно да не превзема дејства на ненанемнско трошење во случај на давање или прифаќање на гостопримство,

-да превенира тајно и нетранспарентно давање или прифаќање на гостопримство, односно да се спротистави на секој обид на нудење односно прифаќање на гостопримство сторено на дискретен и нетранспарентен начин.

## III ОДГОВОРНОСТ ЗА НЕПОЧИТУВАЊЕ НА ОДРЕДБИТЕ ЗА ПОСТАПУВАЊЕ СО ПОДАРОЦИ, ПОГОДНОСТИ И ГОСТОПРИМСТВА ВО ОПШТИНА БЕРОВО

### Член 15

Во случај на непочитување на одредбите од овој Правилник, ќе се спроведе постапка за етичка одговорност утврдена во Кодексот за административни службеници и Етичкиот кодекс за локални функционери.

Доколку службеното лице постапува со подароците, погодностите и гостопримствата спротивно на законот, подзаконските акти и овој Правилник а со таквото постапување стори прекршок и/или кривично дело, ќе сноси одговорност на начин и постапка утврдена со закон.

Одговорноста за сторено кривично дело, не ја исклучува етичката одговорност на службеното лице.

## IV ПРИЈАВУВАЊЕ НА НЕПРАВИЛНОСТИ ПРИ ПОСТАПУВАЊЕ СО ПОДАРОЦИ, ПОГОДНОСТИ И ГОСТОПРИМСТВА

### Член 16

Во случај кога службените лица во Општина Берово имаат сознанија за постоење на неправилности при постапувањето со подароци, погодности и гостопримства, истите треба да го известат лицето за интегритет на Општина Берово.

Доколку лицето за интегритет процени дека има елементи на постоење на неправилности при постапувањето со подароци, погодности и гостопримства, постапува согласно со Законот за заштита на укажувачи.

### Член 17

Во случај кога службените лица во Општина Берово имаат сознанија за понуда на подарок, погодност и/или гостопримство на начин што претставува квалификација на кривично дело утврдено со Кривичниот законик, истите треба да пријават до надлежните органи утврдени со закон и да го известат лицето за интегритет на Општина Берово.

## V ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

### Член 18

Лицето за интегритет на Општина Берово е овластено лице за подароци.

### Член 19

Доколку службените лица на Општина Берово се соочат со прашања односно ситуации кои не се опфатени со овој Правилник или имаат потреба од советување во врска со третманот и/или постапувањето со подароци, погодности и гостопримства, треба да се обратат до нивните претпоставени лица и до лицето за интегритет.

### Член 20

Овој Правилник влегува во сила со денот на донесувањето а ќе биде објавен во Службен гласник на Општина Берово.

Бр.01-4054/1 ОПШТИНА БЕРОВО
06.12.2024 год. Градоначалник
Б е р о в о Звонко Пекевски с.р.

****************

Врз основа на член 50 став 1 точка 16 од Законот за локална самоуправа („Службен Весник на РМ“ бр.02/05 и „Службен весник на РСМ“ бр.202/2024 ),член 71 став 1 точка 8 од Статутот на општина Берово („Службен гласник на Општина Берово„ бр.13/02,18/07,30/08,20/10,20/19,47/21 и 30/23), Градоначалникот на Општина Берово донесе:

## Правилник за реализирање на службени патувања во земјата и трошоците кои се признаваат како службени

## I ОПШТИ ОДРЕДБИ

### Член 1

Со овој Правилник се уредува постапката која треба да се применува и почитува при реализација на службените

патувања во земјата и трошоците кои се признаваат како службени.

## II ПОСТАПКА ПРИ РЕАЛИЗАЦИЈА НА СЛУЖБЕНИ ПАТУВАЊА ВОЗЕМЈАТА

**Член 2**

Под службено патување во земјата се подразбира службено патување на територијата на Република Северна Македонија.

**Член 3**

Пред секое службено патување во земјата, лицето кое е упатено, е должно да поседува уредно пополнет и заверен патен налог.

**Член 4**

До Одделението за управување со човечки ресурси се доставуваат:

-покана и агенда (образложение за патувањето и податоци за термините и условите за негова реализација)

Одделението за управување со човечки ресурси подготвува патен налог и најдоцна во рок од еден ден го доставува на одобрување до Градоначалникот.

По исклучок од став 1 од овој член, Градоначалникот нема обврска да побара одобрување за службено патување.

Во случај на закажан работен состанок за кој нема покана или агенда, патувањето се одобрува непосредно пред тргнување.

**Член 5**

Лицето кое се упатува на службено патување најдоцна во рок од 3 дена по завршувањето на патувањето, до Одделението за финансиски прашања го доставува уредно пополнетиот патен налог со целокупната пропратна документација која се однесува на патувањето, за конечна пресметка на службените издатоци.

**Член 6**

Целокупната документација за патувањето се доставува до Градоначалникот на конечно одобрување на дневниците и другите издатоци од патувањето.

## III ИЗДАТОЦИ ЗА СЛУЖБЕНИ ПАТУВАЊА

**Член 7**

Издатоците за службено патување во земјата ги опфаќаат издатоците за сместување, исхрана и превоз.

Издатоците за сместување се пресметуваат врз основа на платена сметка за хотел со категорија до четири ѕвездички.

Издатоците за исхрана се пресметуваат преку дневницата, односно се составен дел на дневницата.

Издатоците за дневниците за патување се определени со Колективниот договор на вработените во Општина Беровои Одлуката за извршување на буџет на Општина Берово.

Издатоците за превоз се пресметуваат во висина на цената од патничката тарифа за превоз со средство од оној вид и класа што е одобрено да се користи на службеното патување.

Издатокот за превоз во местото на службено патување се пресметува во висина на цената на користеното средство за јавен превоз (такси, автобус, метро, трамвај...).

**Член 8**

Издатоците што ќе настанат од користење телефон а се неопходни за вршење на определени задачи и работи, се пресметуваат врз основа на соодветна сметка.

**Член 9**

Доколку со патниот налог се приложи и сметка за трошоци направени во угостителски објекти за службени потреби, Одделението за финансиски прашања врши увид заради навремено евидентирање и ажурирање на трошоците за угостителски услуги.

## IV ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

**Член 10**

За се што не е наведено во овој Правилник, важат одредбите од позитивните законски прописи.

**Член 11**

Правилникот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе биде објавен во Службен гласник на Општина Берово.

Бр.01-4055/1 ОПШТИНА БЕРОВО
06.12.2024 год. Градоначалник
Б е р о в о Звонко Пекевски с.р.

****************

Врз основа на член 50 став 1 точка 16 од Законот за локална самоуправа („Службен Весник на РМ" бр.02/05 и „Службен весник на РСМ" бр.202/2024 ), член 71 став 1 точка 8 од Статутот на општина Берово („Службен гласник на Општина Берово„ бр.13/02,18/07,30/08,20/10,20/19,47/21 и 30/23)а во врска со Уредбата за издатоците за службени патувања и селидби во странство што на органите на државната управа им се признаваат во тековни трошоци ("Службен весник на РМ" бр.50/00, 64/01, 110/08, 82/10, 12/12, 05/13, 1/14 и 90/14), Градоначалникот на Општина Берово донесе:

**Правилник за реализирање на службени патувања во странство и трошоците кои се признаваат како службени**

## I ОПШТИ ОДРЕДБИ

**Член 1**

Со овој Правилник се уредува постапката која треба да се применува и почитува при реализација на службените патувања во странство и трошоците кои се признаваат како службени.

## II ПОСТАПКА ПРИ РЕАЛИЗАЦИЈА НА СЛУЖБЕНИ ПАТУВАЊА ВОСТРАНСТВО

**Член 2**

Под службено патување во странство се подразбира службено патување од Република Северна Македонија во друга држава, од една во друга и од едно место на друго место на територијата на друга држава.

**Член 3**

Поканата за службено патување, како и агендата или сличен документ се доставува до Одделението за управување со човечки ресурси на Општина Берово кое врз основа на тоа подготвува решение за службено патување.

Пред секое службено патување во странство лицето кое е упатено должно е да поседува решение за службено патување во странство.

Решението за службено патување содржи: име и презиме на лицето кое патува, работи и задачи што ги врши, цел на патувањето, назив на државата и местото каде патува, датум на поаѓање и враќање, вид на превоз, како и кој ги покрива трошоците за смесување и исхрана.

По завршување на службеното патување во странство се пополнува налог кој содржи: име и презиме на лицето кое патува, работи и задачи што ги врши, цел на патувањето, назив на државата и местото каде патува, датум на поаѓање и враќање и вид на превоз.

## III ИЗДАТОЦИ ЗА СЛУЖБЕНИ ПАТУВАЊА

**Член 4**

Издатоците за службено патување во странство ги опфаќаат издатоците за сместување, исхрана и превоз.

Издатоците за сместување се пресметува врз основа на платена сметка за хотел со категорија до четири ѕвездички.

Издатоците за исхрана се пресметуваат преку дневницата, односно се составен дел на дневницата.

Издатоците за дневниците за патување во странство се определени за секоја држава посебно и тие се утврдени со посебен акт.

Издатоците за превоз се пресметуваат во висина на цената од патничката тарифа за превоз од средство од оној вид и класа што е одобрено да се користи на службеното патување.

Издатокот за превоз во местото на службено патување се пресметува во висина на цената на користеното средство за јавен превоз (такси, автобус, метро, трамвај...).

**Член 5**

Дневниците се пресметуваат на следниов начин:

-50% од утврдената дневница ако се поднесе сметка за сместување, како и во случаи кога сместувањето не паѓа на товар на општината,

-20% од утврдената дневница ако издатоците за сместување и храна не се на товар на општината,

-5% од утврдената дневница ако издатоците за стручно оспособување не паѓаат на товар на општината а престојот е над 30 дена.

**Член 6**

Пресметката за издатоците за службено патување во странство преку дневница се одредува на следниов начин:

-една дневница за секои 24 часа поминати на службено патување во странство доколку вкупното патување трае подолго од 12 часа,

-половина дневница за време од 12 часа поминати на службено патување во странство, какло и во случај кога остатокот од времето во континуитет е подолго од 8 часа.

**Член 7**

Дневницата е определена за држава во која службено се патува се пресметува од часот на преминување на границата на Република Северна Македонија а дневницата определена за држава од која се доаѓа-до часот на преминување на границата на Република Северна Македонија.

Доколку се патува со авион, дневницата се пресметува од часот на полетување на авионот до часот на слетување во Република Северна Македонија.

Доколку се патува во повеќе земји, во заминувањето се пресметува дневницата утврдена за државата во која започнува патувањето а при враќање се пресметува дневницата утврдена за државата во која е завршено службеното патување.

За секое задолжување, односно пропатување преку држава што трае подолго од 12 часа се пресметува дневницата за таа држава.

**Член 8**

Во случај кога заради прекин на патувањето со авион трошоците за исхрана и сместување ги сноси авионската компанија, се исплатува 20% од утврдената дневница, односно 50% ако ги сноси само трошоците за сместување.

**Член 9**

Издатоците што ќе настанат од користење телефон а се неопходни за вршење на определени задачи и работи, се пресметуваат врз основа на соодветна сметка.

**Член 10**

Доколку со патниот налог се приложи и сметка за трошоци направени во угостителски објекти за службени потреби, Одделението за финансиски прашања врши увид заради навремено евидентирање и ажурирање на трошоците за угостителски услуги.

**Член 11**

Врз основа на налогот за службено патување може да се испалти аконтација во висина на проценетите трошоци.

Авансот може да се исплати најмногу во висина на планираните дневници со подигање на девизни средства од банка.

Благајникот го евидентира исплатениот аванс во дневниот благајнички извештај и приложува соодветен документ.

Доколку на лицето кое патува му се исплати поголем аванс од крајно пресметаната и одобрена сума, лицето е должно повеќе исплатените средства веднаш и без одложување да ги раздолжи кај благајникот.

**Член 12**

Трошоци кои се признаваат за службени патувања во странство се издатоци и дневници.

Издатоците се признаваат врз основа на пресметката на патните трошоци, која во рок од 7 дена од денот кога патувањето е завршено, се поднесува со заверен писмен извештај.

Лицето кое се упатува на службено патување во странство по завршувањето на патувањето го доставува до Одделението за финансиски прашања патниот налог со целокупната пропратна документација која се однесува на патувањето, за конечна пресметка на службените издатоци.

**Член 13**

За конечна пресметка и исплата задолжително се доставува:

-пополнет патен налог,

-пополнет извештај од патувањето,

-копија од патната исправа во која се евидентирани влезот и излезот од и во земјата,

-копија од патниот налог на лицето кое го управувало возилото,

-патарини,

-фискална сметка за гориво,

-документ за смесување и ноќевање,

-доказ за платениот износ за користениот превоз и слично.

**Член 14**

Пред конечната исплата документацијата се доставува на потврдување кај градоначалникот на Општина Берово.

Исплатата се врши во девизи или денари според средниот курс на НБРСМ на денот на поднесување на пресметката на патниот налог.

## IV ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

**Член 15**

За се што не е наведено во овој Правилник, важат одредбите од позитивните законски прописи.

**Член 16**

Правилникот влегува во сила со денот на донесувањето а ќе биде објавено во Службен гласник на Општина Берово.

Бр.01-4056/1 ОПШТИНА БЕРОВО
06.12.2024 год. Градоначалник
Б е р о в о Звонко Пекевски с.р.

****************

Врз основа на член 50 став 1 точка 16 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.02/05 и „Службен весник на РСМ“ бр.202/2024 ), како и член 71 став 1 точка 8 од Статутот на Општина Берово („Службен гласник на Општина Берово“ бр.13/02,18/07,30/08,20/10,20/19,47/21 и 30/23) и одредбите од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на РСМ“ бр.12/19),Градоначалникот на Општина Берово донесе:

## УПАТСТВО ЗА УПРАВУВАЊЕ СО СУДИР НА ИНТЕРЕСИ

**I Вовед**

**Член 1**

Согласно Политиката на интегритет на Општина Берово, во извршувањето на своите овластувања и должности, градоначалникот, членовите на Советот, сите избрани и именувани лица од страна на градоначалникот и сите вработени во општинската администрација на Општина Берово, ги почитуваат начелата на законитост, еднаквост и јавност, етичките норми и професионалните стандарди, без дискриминација или повластување на кој било и со целосно почитување на јавниот интерес.

Притоа, внимаваат да не се стават во состојба на судир на интереси и при извршувањето на јавните овластувања и должности не смеат да се раководат од лични, семејни, верски, партиски и етнички интереси, ниту од притисоци и ветувања од претпоставениот или од друго лице.

Каков било фактички, потенцијален или видлив, судир на интерес задолжително се пријавува кај лицето за интегритет, согласно насоките за спречување на судир на интереси.

Службените лица не примаат подароци, привилегии или погодности. Исклучоците од оваа забрана се утврдени со закон. Подароците, без разлика дали се примени или одбиени, а кои не било можно да се вратат, како и без разлика на нивната вредност, задолжително се евидентираат, а копија од листата од евиденцијата за примените подароци се доставува до Државната комисија за спречување на корупцијата, согласно закон.

**II Судир на интереси**

**Член 2**

Меѓународните стандарди, насоки и препораки дефинираат дека:

▪ јавниот интерес мора да биде на прво место;

▪ транспарентноста на процесот на донесување одлуки е од исклучително значење;

▪ систем за пријавување и следење на имотот и интересите да биде воспоставен;

▪ индивидуалната одговорност и личниот пример се основа за доброто управување;

▪ организациската култура која не толерира судир на интереси мора да се поттикнува и развива.

Судир на интереси е состојба на судир меѓу јавните овластувања и должности со приватниот интерес на службеното лице во кој приватниот интерес влијае или може да влијае врз извршувањето на неговите јавни овластувања и должности.

**„Јавен интерес”** е поширок општествен интерес за општото добро и напредок на сите граѓани под еднакви услови, во материјална и нематеријална смисла, којшто може да биде загрозен со предизвикување штета од материјална и нематеријална природа поради дејствување од позиција на судир на приватниот со јавниот интерес.

**„Приватен интерес”** подразбира материјален или нематеријален интерес на службеното лице што може да влијае врз неговото одлучување при вршењето на неговите јавни овластувања и должности.

**III Службени лица**

**Член 3**

Генерален принцип за спречување на судирот на интереси е обврската на службените лица секогаш да постапуваат во полза на јавниот интерес, сосема исклучувајќи ги своите приватни интереси и работејќи според принципите на законитост, ефикасност, доверливост, независност, самостојност, чесност и професионализам.

Службеното лице не смее да се раководи од семејни, етнички, религиозни, политички или други лични интереси.

Согласно со Законот за спречување судир на интереси, службени лица се: претседателот на Република Македонија, пратениците, градоначалниците, амбасадорите и другите наименувани лица во странство, избраните или наименуваните лица од и во Собранието и Владата на Република Македонија, органите на државната управа и други државни органи, органите на судската власт, јавните претпријатија, установи, други правни лица на централната и во локалната власт, државните службеници и вработените во органите на државната управа и други државни органи, органите на судската власт, јавните претпријатија, установи, други правни лица на централната и на локалната власт, советниците во советите на општините и градот Скопје, како и лица вработени преку агенциите за привремено вработување со овластување утврдено со закон.

Според горенаведенто, во Општина Берово службени лица се градоначалникот, членовите на совет, сите избрани и именувани лица од страна на градоначалникот и вработените во Општина Берово.

Службеното лице треба:

• Да дејствува со личен интегритет и индивидуална одговорност;

• Да дава позитивен пример на другите службени лица и на јавноста;

• При прифаќањето на функцијата да прифати зголемена одговорност за однесувањето во јавниот и во приватниот живот;

• Во случај на судир на интереси, да има лична одговорност за неговото идентификување и разрешување;

• На јавноста да и овозможи пристап до информации кои се од нејзин интерес и кои таа има право да ги знае.

Службеното лице во Општина Берово не смее да прифати или да оствари каква било корист за себе или за нему блиско лице, која е резултат на извршување или неизвршување на неговите службени должности.

Блиски лица се лица во брачна или вонбрачна заедница со службеното лице, роднини по крв во права линија и во странична линија до четврти степен, посвоителот и посвоеникот, роднините по сватовство до втор степен, како и секое физичко или правно лице со кое службеното лице има приватен интерес.

Блиските лица на службеното лице, за кои оправдано може да се смета дека имаат интерес што ги поврзува со службеното лице, не можат да вршат супервизорски или контролен надзор врз неговата работа.

**IV Форми и ризични области за појава на судир на интереси**

**Член 4**

-Кумулација на функции и остварување на корист,

-Користење на влијанието за финансиска и друга корист,

-Дискрециони овластувања,

-Постапување на службеното лице кога има приватен интерес,

-Подароци,

-Непотизам,

-Користење државен имот и јавни добра за приватни интереси,

-Ограничувања по престанок на функцијата и

-Користење и злоупотреба на информации добиени по службена должност.

**V Намалување на ризиците од настанување на ситуации на судир на интереси**

**Член 5**

За да се избегне судир на интереси, неопходно е:

▪ Свест, волја, посветеност и ангажираност на претставниците на извршната власт во избегнување на состојби на судир на интереси со давање на личен пример и охрабрување на сите други вработени да ги препознаваат состојбите на судир на интереси;

▪ Проширување на знаењето за тоа што е судир на интереси и како да се избегне;

▪ Користење обуки, публикации, експерти, платформа за е-учење со цел правилно управување со судирот на интереси;

▪Давање јасни и практични примери со кои се илустрира оваа појава;

▪ Проценување на ризиците од судир на интереси, воведување на систем за управување и следење на истите;

▪ Назначување лице или тим за спроведување на споменатиот систем;

▪ Разгледување на прашањето за судир на интереси, како дел од градењето на организациската култура;

▪ Примена на санкции за непочитување на правилата за управување со судир на интереси;

▪ Решавање на сите случаи на судир на интереси на праведен и единствен начин.

**VI Алатка за самопроценување за службените лица во Општина Берово**

**Член 6**

Кога постои дилема кај службеното лице во Општина Берово дали во определен случај има или нема судир на интереси, службеното лице може да го идентификува можниот судир со искрено одговарање пред самиот себе на следните прашања:

1. Дали имам личен или приватен интерес кој може да има влијание врз извршувањето на мојата службена должност?
2. Дали сега, или во иднина, може да имам корист од таквиот интерес, што би можело да фрли сенка врз мојата објективност?
3. Како другите ќе гледаат на мојата вклученост во таквото постапување или донесување одлука?
4. Дали постојат ризици за мене или за мојата институција?
5. Дали мојата вклученост во донесувањето на конкретната одлука се чини праведна и разумна под какви било околности?
6. Што добивам или што губам од одредено постапување - донесување одлука?
7. Какви би можеле да бидат последиците доколку го игнорирам судирот на интереси? Што ако моето постапување се изложи пред јавноста?
8. Дали сум дал какви било ветувања или презел обврска во конкретниот случај?

Доколку по консултацијата со самите себе, се уште не се сосема сигурни, препораката е да се контактираДКСК.

**VII Постапка за пријавување на корупција и судир на интереси во Општина Берово**

**Член 7**

Општина Берово не толерира коруптивно однесување, односно искористување на функцијата, јавното овластување, службената должност и положба за остварување на каква било корист за вработениот или за нему блиско лице.

Исто така, општината не толерира која било друга форма на неетичко и неморално

однесување, забранети со закон и спротивни на Етичкиот кодекс на однесување.

Градоначалникот и раководните структури на општината се одговорни за процена и отстранување на ризиците кои придонесуваат за корупција, проневера, крадење, поткуп, судир на интереси, користење влијанија и врски заради добивање повластен третман или која било друга форма на незаконско или неетичко однесување.

Градоначалникот и раководните структури на општината го гарантираат правото на заштита од одмазда или закани за лица кои пријавиле неетичко и незаконско однесување, водејќи се од искрено убедување базирано на разумна основа дека пријавата се темели на факти и вистинити содржини.

Пријавите се поднесуваат до лицето за интегритет на Општина Берово во писмена, електронска или усна форма, на понатамошна постапка согласно Законот за спречување на корупцијата и судир на интереси и останатите позитивни законски прописи кои ја третираат оваа област. (Прилог број 1).Доколку се докаже дека лицето тенденциозно или злонамерно пријавило, или дало лажен исказ, против него ќе бидат преземени мерки на соодветна одговорност.

Прилог 1: Процедура за пријавување на корупција и судир на интереси во Општина Берово




**Член 8**

Ова упатство влегува во сила со денот на донесувањето а ќе биде објавено во „Службен гласник„ на Општина Берово.

Бр.01-4057/1 ОПШТИНА БЕРОВО
06.12.2024 год. Градоначалник
Б е р о в о Звонко Пекевски с.р.

****************



РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА БЕРОВО

ОПШТИНА БЕРОВО
„Димитар Влахов" бр.10, 2330 Берово
т/ф + 389(0)33 471057
www.berovo.gov.mk
mail:so.berovo@t-home.mk

Врз основа на Спогодбата потпишана на 02.12.2008 година помеѓу Министерството за образование и наука, Министерството за култура, Министерството за труд и социјална политика и Самостоен синдикат за образование, наука и култура на Република Македонија, согласно Законот за основното образование („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 161/19 и 229/20) и Законот за средното образование („Службен весник на Република Македонија" бр. 44/95, 24/96, 34/96, 35/97, 82/99, 29/02, 40/03, 42/03, 67/04, 55/05, 113/05, 35/06, 30/07, 49/07, 81/08, 92/08, 33/10, 116/10, 156/10, 18/11, 51/11, 06/12, 100/12, 24/13, 41/14, 116/14, 135/14, 10/15, 98/15, 145/15, 30/16, 127/16, 67/17 и 64/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 229/20), Закон за наставници и стручни соработници во основните и средните училишта („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 161/19), согласно член 50 ст.1 т.16 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија" бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.202/24), Градоначалникот на Општина Берово на ден 10.12.2024 година , го донесе следното

**РЕШЕНИЕ**
**За формирање на општинска комисија за трансформација на работен однос**

1. За членови на Општинска комисија за трансформација на работен однос се именуваат:

- Сузана Секуловска –Претседател – претставник на Државен просветен инспекторат
- Драги Рашковски – член – претставник од Самостојниот синдикат за образование, наука и култура на Република Северна Македонија (СОНК)
- Биљана Марковска – претставник од Општина Берово

2. Општинската комисија е должна барањата за трансформација на работен однос до Министерството за образование и наука да ги доставува согласно Законот за наставници и стручни соработници во основните и средните училишта.

3. Ова Решение влегува во сила од 11.12.2024 година.

Бр.08-4089/1
**10.12.2024 година**
**Берово**

**Општина Берово**
**Градоначалник**
**Звонко Пекевски**

Врз основа на член 50 став 1 точка 8 и член 63 од Законот за локална самоуправа (Службен Весник на Република Македонија бр. 05/2002, Службен Весник на РСМ бр.202/2024), член 22 став 2 од Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Берово за 2024 година со архивски број 09 – 597/1 од 07.02.2024 година, Измената на Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Берово за 2024 година архивски број 09-2093/1 од 02.07.2024 година и Измена на Одлуката за извршување на буџетот на Општина Берово бр.09-2369/1 од 16.07.2024 година , Записник со архивски број 08-3967/2 од 02.12.2024 година, согласно член 4 и член 6 став 5 од Правилникот за критериумите и постапката за

реализација на трансфери по поднесени барања од физички лица за добивање на еднократна парична помош за новородено дете со архивски број 09 - 4845/1 од 20.12.2023 година, Градоначалникот на Општина Берово донесе:

**РЕШЕНИЕ**
**за исплата на средства**
**од Буџетот на Општина Берово за 2024 година**

1. На лицето **Бранко Фурнаџиски** со адреса на живеење **ул.„Никола Пехчевски” бр.ххх, Берово** со **ЕМБГ ххххх**, од Буџетот на Општина Берово за 2024 година се доделува парична помош во висина од **7.000,оо** денари за новородено дете.

2. Средствата ќе бидат исплатени од Буџетот на Општина Берово за 2024 година програма **А0 Совет на Општина**, потставка 464 990 други трансфери.

3. Се задолжува Одделението за финансиски прашања да го реализира ова Решение на име на **Бранко Фурнаџиски** на трансакциска сметка број **ххххх** Стопанска Банка АД Скопје.

4. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен Гласник на Општина Берово“.

**ОБРАЗЛОЖЕНИЕ**

Лицето **Бранко Фурнаџиски** достави Барање за исплата на парична помош за новородено дете до Градоначалник на Општина Берово со архивски број 08 – 3967/1 од 28.11.2024 година. Комисијата за утврдување кои физички лица ги исполнуваат критериумите за добивање на еднократна помош или парична награда направи увид во доставената документација и констатираше со записник со архивски број 08 – 3967/2 од 02.12.2024 година дека барателот има доставено комплетна документација согласно член 5 од Правилникот за критериумите и постапката за реализација на трансфери по поднесени барања од физички лица за добивање на еднократна парична помош за новородено дете и дека истиот ги исполнува условите за исплата на средства од Буџетот на Општина Берово за 2024 година. Согласно член 22 став 2 од Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Берово за 2024 година со архивски број 09 – 597/1 од 07.02.2024 година, Измената на Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Берово за 2024 година архивски број 09-2093/1 од 02.07.2024 година и Измена на Одлуката за извршување на буџетот на Општина Берово бр.09-2369/1 од 16.07.2024 година за секое новородено дете чии родители се со место на живеење во Општина Берово, ќе се врши исплата на 7.000,оо денари од потставка 464 990 – други трансфери, од програмата А0 согласно програмата за социјална заштита.

Врз основа на претходно наведеното, се одлучи како во член 1 од изреката на ова решение.

**Правна поука:** Против ова Решение може да се поднесе приговор до Градоначалникот на Општина Берово во рок од 8 дена по приемот на истото.

Изготвила: Благица Лапевска
Контролирал:м-р Биљана Марковска

Бр.08-3967/3 ОПШТИНА БЕРОВО
02.12.2024 год. Градоначалник
Б е р о в о Звонко Пекевски с.р.

****************

Врз основа на член 50 став 1 точка 8 и член 63 од Законот за локална самоуправа (Службен Весник на Република Македонија бр. 05/2002, Службен Весник на РСМ бр.202/2024), член 22 став 2 од Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Берово за 2024 година со архивски број 09 – 597/1 од 07.02.2024 година, Измената на Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Берово за 2024 година архивски број 09-2093/1 од 02.07.2024 година и Измена на Одлуката за извршување на буџетот на Општина Берово бр.09-2369/1 од 16.07.2024 година , Записник со архивски број 08-3924/2 од 29.11.2024 година, согласно член 4 и член 6 став 5 од Правилникот за критериумите и постапката за реализација на трансфери по поднесени барања од физички лица за добивање на еднократна парична помош за новородено дете со архивски број 09 - 4845/1 од 20.12.2023 година, Градоначалникот на Општина Берово донесе:

**РЕШЕНИЕ**
**за исплата на средства**
**од Буџетот на Општина Берово за 2024 година**

1. На лицето **Иван Чичаковски** со адреса на живеење **ул.„Кеј на Револуцијата” бр.xxxx, Берово** со **ЕМБГ xxxx**, од Буџетот на Општина Берово за 2024 година се доделува парична помош во висина од **7.000,оо** денари за новородено дете.

2. Средствата ќе бидат исплатени од Буџетот на Општина Берово за 2024 година програма **А0 Совет на Општина**, потставка 464 990 други трансфери.

3. Се задолжува Одделението за финансиски прашања да го реализира ова Решение на име на **Иван Чичаковски** на трансакциска сметка број **xxxx** Стопанска Банка АД Скопје.

4. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен Гласник на Општина Берово“.

**ОБРАЗЛОЖЕНИЕ**

Лицето **Иван Чичаковски** достави Барање за исплата на парична помош за новородено дете до Градоначалник на Општина Берово со архивски број 08 – 3924/1 од 28.11.2024 година. Комисијата за утврдување кои физички лица ги исполнуваат критериумите за добивање на еднократна помош или парична награда направи увид во доставената документација и констатираше со записник со архивски број 08 – 3924/2 од 29.11.2024 година дека барателот има доставено комплетна документација согласно член 5 од Правилникот за критериумите и постапката за реализација на трансфери по поднесени барања од физички лица за добивање на еднократна парична помош за новородено дете и дека истиот ги исполнува условите за исплата на средства од Буџетот на Општина Берово за 2024 година. Согласно член 22 став 2 од Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Берово за 2024 година со архивски број 09 – 597/1 од 07.02.2024 година, Измената на Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Берово за 2024 година архивски број 09-2093/1 од 02.07.2024 година и Измена на Одлуката за извршување на буџетот на Општина Берово бр.09-2369/1 од 16.07.2024 година за секое новородено дете чии родители се со место на живеење во Општина Берово, ќе се врши исплата на 7.000,оо денари од потставка 464 990 – други трансфери, од програмата А0 согласно програмата за социјална заштита.

Врз основа на претходно наведеното, се одлучи како во член 1 од изреката на ова решение.

**Правна поука:** Против ова Решение може да се поднесе приговор до Градоначалникот на Општина Берово во рок од 8 дена по приемот на истото.

Изготвила: Благица Лапевска
Контролирал:м-р Биљана Марковска

Бр.08-3924/3 ОПШТИНА БЕРОВО
29.11.2024 год. Градоначалник
Б е р о в о Звонко Пекевски с.р.

****************

Врз основа на член 50 став 1 точка 8 и член 63 од Законот за локална самоуправа (Службен Весник на Република Македонија бр. 05/2002, Службен Весник на РСМ бр.202/2024), член 22 став 2 од Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Берово за 2024 година со архивски број 09 – 597/1 од 07.02.2024 година, Измената на Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Берово за 2024 година архивски број 09-2093/1 од 02.07.2024 година и Измена на Одлуката за извршување на буџетот на Општина Берово бр.09-2369/1 од 16.07.2024 година , Записник со архивски број 08-3838/2 од 29.11.2024 година, согласно член 4 и член 6 став 5 од Правилникот за критериумите и постапката за реализација на трансфери по поднесени барања од физички лица за добивање на еднократна парична помош за новородено дете со архивски број 09 - 4845/1 од 20.12.2023 година, Градоначалникот на Општина Берово донесе:

**РЕШЕНИЕ**
**за исплата на средства**
**од Буџетот на Општина Берово за 2024 година**

1. На лицето **Павлинка Цикарска** со адреса на живеење **ул.„Никола Пехчевски” бр.xx, Берово** со **ЕМБГ xxxxx**, од Буџетот на Општина Берово за 2024 година се доделува парична помош во висина од **7.000,оо** денари за новородено дете.

2. Средствата ќе бидат исплатени од Буџетот на Општина Берово за 2024 година

програма **А0 Совет на Општина**, потставка 464 990 други трансфери.

3. Се задолжува Одделението за финансиски прашања да го реализира ова Решение на име на **Павлинка Цикарска** на трансакциска сметка број **xxxxx** Стопанска Банка АД Скопје.

4. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен Гласник на Општина Берово“.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Лицето **Павлинка Цикарска** достави Барање за исплата на парична помош за новородено дете до Градоначалник на Општина Берово со архивски број 08 – 3838/1 од 22.11.2024 година. Комисијата за утврдување кои физички лица ги исполнуваат критериумите за добивање на еднократна помош или парична награда направи увид во доставената документација и констатираше со записник со архивски број 08 – 3838/2 од 29.11.2024 година дека барателот има доставено комплетна документација согласно член 5 од Правилникот за критериумите и постапката за реализација на трансфери по поднесени барања од физички лица за добивање на еднократна парична помош за новородено дете и дека истиот ги исполнува условите за исплата на средства од Буџетот на Општина Берово за 2024 година. Согласно член 22 став 2 од Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Берово за 2024 година со архивски број 09 – 597/1 од 07.02.2024 година, Измената на Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Берово за 2024 година архивски број 09-2093/1 од 02.07.2024 година и Измена на Одлуката за извршување на буџетот на Општина Берово бр.09-2369/1 од 16.07.2024 година за секое новородено дете чии родители се со место на живеење во Општина Берово, ќе се врши исплата на 7.000,оо денари од потставка 464 990 – други трансфери, од програмата А0 согласно програмата за социјална заштита.

Врз основа на претходно наведеното, се одлучи како во член 1 од изреката на ова решение.

**Правна поука:** Против ова Решение може да се поднесе приговор до Градоначалникот на Општина Берово во рок од 8 дена по приемот на истото.

Изготвила: Благица Лапевска
Контролирал:м-р Биљана Марковска

Бр.08-3838/3 ОПШТИНА БЕРОВО
29.11.2024 год. Градоначалник
Б е р о в о Звонко Пекевски с.р.

****************

Врз основа на член 50 став 1 точка 8 и член 63 од Законот за локална самоуправа (Службен Весник на Република Македонија бр. 05/2002, Службен Весник на РСМ бр.202/2024), член 22 став 2 од Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Берово за 2024 година со архивски број 09 – 597/1 од 07.02.2024 година, Измената на Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Берово за 2024 година архивски број 09-2093/1 од 02.07.2024 година и Измена на Одлуката за извршување на буџетот на Општина Берово бр.09-2369/1 од 16.07.2024 година , Записник со архивски број 08-3927/2 од 29.11.2024 година, согласно член 4 и член 6 став 5 од Правилникот за критериумите и постапката за реализација на трансфери по поднесени барања од физички лица за добивање на еднократна парична помош за новородено дете со архивски број 09 - 4845/1 од 20.12.2023 година, Градоначалникот на Општина Берово донесе:

## РЕШЕНИЕ
### за исплата на средства од Буџетот на Општина Берово за 2024 година

1. На лицето **Христина Ајтовска** со адреса на живеење **ул.„Енгелсова” бр.хх, Берово** со **ЕМБГ xxxxx**, од Буџетот на Општина Берово за 2024 година се доделува парична помош во висина од **7.000,оо** денари за новородено дете.

2. Средствата ќе бидат исплатени од Буџетот на Општина Берово за 2024 година програма **А0 Совет на Општина**, потставка 464 990 други трансфери.

3. Се задолжува Одделението за финансиски прашања да го реализира ова Решение на име на **Христина Ајтовска** на трансакциска сметка број **xxxxxx** Стопанска Банка АД Скопје.

4. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен Гласник на Општина Берово“.

**ОБРАЗЛОЖЕНИЕ**

Лицето **Христина Ајтовска** достави Барање за исплата на парична помош за новородено дете до Градоначалник на Општина Берово со архивски број 08 – 3927/1 од 28.11.2024 година. Комисијата за утврдување кои физички лица ги исполнуваат критериумите за добивање на еднократна помош или парична награда направи увид во доставената документација и констатираше со записник со архивски број 08 – 3927/2 од 29.11.2024 година дека барателот има доставено комплетна документација согласно член 5 од Правилникот за критериумите и постапката за реализација на трансфери по поднесени барања од физички лица за добивање на еднократна парична помош за новородено дете и дека истиот ги исполнува условите за исплата на средства од Буџетот на Општина Берово за 2024 година. Согласно член 22 став 2 од Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Берово за 2024 година со архивски број 09 – 597/1 од 07.02.2024 година, Измената на Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Берово за 2024 година архивски број 09-2093/1 од 02.07.2024 година и Измена на Одлуката за извршување на буџетот на Општина Берово бр.09-2369/1 од 16.07.2024 година за секое новородено дете чии родители се со место на живеење во општина Берово, ќе се врши исплата на 7.000,оо денари од потставка 464 990 – други трансфери, од програмата А0 согласно програмата за социјална заштита.

Врз основа на претходно наведеното, се одлучи како во член 1 од изреката на ова решение.

**Правна поука:** Против ова Решение може да се поднесе приговор до Градоначалникот на Општина Берово во рок од 8 дена по приемот на истото.

Изготвила: Благица Лапевска
Контролирал:м-р Биљана Марковска

Бр.08-3927/3 ОПШТИНА БЕРОВО
29.11.2024 год. Градоначалник
Б е р о в о Звонко Пекевски с.р.

*******************

ОПШТИНА БЕРОВО